СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2012 ГОДИНА




*Јануари 2013 година*

*Скопје*

# ОД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**17.02.2012 година**

**Со грандиозна свеченост во скопскиот хотел „Александар Палас“, со присуство на над 1.200 видни гости, Стопанската комора на Македонија го прослави големиот јубилеј - девет децении од нејзиното постоење**

На свечениот чин, покрај членките на најстарата, најбројната и најголемата бизнис-заедница во земјава, присуствуваа претставници на државните органи, институции, дипломатскиот кор, претставници на меѓународни институции, здруженија и партнери, гости, пријатели и поддржувачи на Стопанската комора на Македонија и на коморското работење од земјата и од странство. Во одбележувањето на овој значаен јубилеј за земјава, учествуваа и Алесандро Барберис, претседател на Асоцијацијата на европските комори (Eurochambres), како и замениците-претседатели на Владата на Република Македонија, м-р Владимир Пешевски и м-р Зоран Ставрески.



- За една држава да има здрава економија, потребно е покрај успешна Влада да има и успешни претставници на бизнис-заедницата. Стопанската комора го претставува токму тоа. Успешен претставник на бизнис-заедницата, кој секогаш ги застапувал реалните потреби на компаниите и значајно влијаел врз развојот на економијата и конкурентноста на македонските компании, – истакна м-р Владимир Пешевски, во обраќањето на свечениот собир. – Предлозите, иницијативите и барањата на Стопанската комора на Македонија секогаш сме ги третирале со висока сериозност и голем респект, бидејќи знаеме дека тие навистина се гласот на бизнис-заедницата.



Заменик-претседателот на македонската Влада истакна дека токму блиската соработка меѓу Владата и бизнис-секторот, како и нивната брза реакција се едни од факторите кои се пресудни за амортизирање на негативните последици од економската криза и имаат значајни влијанија врз успешноста во справувањето со овој горчлив проблем.

-Ќе останеме силно посветени кон подобрување на бизнис-климата, зголемување на инвестициите, извозот и поддршката кон компаниите се` со цел да обезбедиме деловно опкружување кое на бизнисот ќе му овозможи забрзан развој и конкурентност на глобалниот пазар. Само така ќе успееме да го зголемиме економскиот раст, да креираме нови вработувања и да го подигнеме животниот стандард, – подвлече м-р Владимир Пешевски. – Владата на Република Македонија и во иднина ќе продолжи активно да соработува со Стопанската комора на Македонија, бидејќи во неа пронајде значаен партнер.

Алесандро Барберис порача дека како водечки претставници на бизнисот македонските комори имаат повеќе од кога било легитимна и значајна одговорност да им помогнат на претпријатијата во нивното приспособување кон променливите услови предвидени со евроинтеграцискиот процес. Стопанската комора на Македонија е дел од европската – и дури од светската – мрежа на стопански комори, бидејќи сите тие ја имаат истата мисија: поддршка на претприемништвото и економскиот развој во нивниот регион или земја. Со тоа што е доверлив центар на знаење и промоција на ЕУ-стандардите и политиките, нагласи Барберис, Стопанската комора на Македонија е активно вклучена во развојот и процесот за креирање политики во Македонија.



- Бизнис-заедницата мора да ја зајакне својата улога во придвижувањето на Македонија кон ЕУ. Процесот на пристапување е долгогодишен проект каде што патувањето е исто толку битно како и крајната дестинација. Ако преговорите на крајот се во рацете на политичките лидери, тогаш нашата улога како бизнис-лидери на ова патување е од суштинско значење, - истакна Барберис. - Важно е, потенцира, македонската деловна заедница да ја стави својата тежина зад неопходните реформи кои остануваат главен двигател на процесот на пристапување и на тој начин да придонесе европскиот проект за Македонија да биде успешна приказна.

Присутните на свеченоста имаа можност да ја видат презентацијата на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија што беше направена од страна на студентите на Факултетот за драмски уметности и за користењето на средства од фондовите на ЕУ, што на шеговит начин го претстави драмскиот уметник Сашко Коцев.

По повод големиот јубилеј беше доделена Наградата на Стопанската комора на Македонија. Добитници во категоријата на компании кои успешно работат од основањето на Стопанската комора на Македонија се: „Европа“, „Пивара“, „Електрани на Македонија“ и „Благој Ѓорев“. За долгогодишна коморска активност добитници се: Светозар Јаневски, д-р Александар Николовски, новинарите Аелита Георгиева и Влатко Змејковски. Од облиците на организирање на Коморaта наградени се: Здружението на банкарството, Македонската енергетска асоцијација, Регионалната комора со седиште во Прилеп и Групацијата на мелничко-пекарската индустрија. Награда за најголема донаторска активност доби Стопанска банка АД – Скопје, за компанија која посетила најмногу едукативни настани „Алкалоид“, а специјалното признание за компанија за поддршка на градежништвото и придонес во стипендирање - поттикнување на кадри отиде во рацете на „Бетон“ од Штип. Награда на Стопанската комора на Македонија за најдобар партнер на Стопанската комора на Македонија од државните институции е доделена на Царинската управа на Република Македонија.

На крајот од големата свеченост, претседателот на Стопанската комора на Македонија посебно порача што би сакал да има во земјава за десет години, на стогодишнината на Стопанската комора на Македонија:

-Просечен годишен реален раст на БДП од 6%, вредноста на БДП да достигне 13 милијарди евра, а по глава на жител 6.000 евра. Просечен годишен раст на бруто инвестициите од 9 %, со учество во БДП од 35%. Просечен годишен раст на извозот од 14 %, со учество во БДП од 64%. Со нови 100.000 работни места. Со современа железничка пруга до Грција и железничко поврзување со Бугарија и Албанија. Со модерен автопат до Гевгелија, Штип и Охрид. Со целосна гасификација на државата. Со намалена енергетска зависност за минимум 30%, – истакна Бранко Азески.

За ваква Македонија која сакаме да ја видиме по 10 години ние, посебно порача Азески, како компании здружени во Стопанската комора на Македонија, спремни сме да ги зголемиме: извозот и производството, нивото на инвестиционен ризик и корпоративната општествена одговорност.

На овој начин Комората јавно ја прокламира својата волја - заедно, со носителите на економската политика, активно да партиципира во остварувањето на оваа цел којашто ќе и' донесе просперитет на Република Македонија.

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**9.02.2012 година**

**Дванаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Предлог-мерки на Стопанската комора на Македонија за системска поддршка на македонската економија во 2012 година;
- Одлука за доделување награди и други признанија на Стопанската комора на Македонија за 2011 година

**5.4.2012 година**

**Тринаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Задолжницата наспроти ЕУ-директивата за спречување на задоцнувањето во плаќањето на комерцијалните трансакции;
- Информација за законските прописи од значење за бизнисот

**7.6.2012 година**

**Четиринаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Информација за императивот од системска поддршка на производните претпријатија

**6.9.2012 година**

**Петнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Информација за актуелната економска состојба во Република Македонија;
- Информација за прописите од значење за бизнисот;
- Усвојување на акти согласно Законот за заштита на податоците;
- Одлука за изменување и дополнување на Правилата за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија

**1.11.2012 година**

**Шеснаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Предлог за донесување закон за утврдување на роковите за исполнување на паричните обврски;
- Предлог за донесување закон за гарантен фонд за економски развој;
- Предлог за донесување закон за поттикнување на инвестициите;
- Предлог-мерки за поттикнување на бизнисот;
- Информација за прописите од значење за бизнисот

**14.12.2012 година**

**Седумнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Програмски насоки за работни активности на Стопанската комора на Македонија за 2013 година;
- Предлог-финансиски план за 2013 година

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**19.4.2012 година**

**Седма седница на Собранието**

- Последиците од Светската економска криза врз македонската економија;
- Извозот - катализатор на економскиот раст;
- Одлука за усвојување на Извештајот за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2011 година;
- Одлука за усвојување на финансискиот извештај на Стопанската комора на Македонија за 2011 година;
- Разрешување и избор на членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија

**14.12.2012 година**

**Осма седница на Собранието**

- Програмски насоки за работни активности на Стопанската комора на Македонија за 2013 година;
- Финансиски план за 2013 година;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на регионалните комори во рамките на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за верификација на мандатот за член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Избори и именувања.

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**17.02.2012 година**

**Шеста седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2011 година, со извештаите на пописните комисии

**26.3.2012 година**

**Седма седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2011 година, со Извештај од спроведената ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2011 година

**3.12. 2012 година**

**Осма седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

1. Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2013 година;
2. Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2012 година.

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ:

1. Одржани 38 редовни прес-конференции и присуство на медиумите на 48 други настани
2. Конституирана Регионална комора со седиште во Кавадарци
3. Новоформирани 2 асоцијации и 1 групација
4. Одржани 105 состаноци и расправи за компаниите
5. Над 40 активности на регионалните комори – Во рамките на активностите на регионалните комори посебно треба да се одбележат активностите што се реализираа во регионалните комори заедно со „ЕВН Македонија“, на кои состаноци нашите членки ги истакнуваа оперативните проблеми на кои наидуваат во снабдувањето со електрична енергија, а во исто време беа запознавани со активностите на „ЕВН“ за инвестирање и проширување на мрежата по сите региони, како и со претстојната либерализација во снабдувањето со струја и за подготовките на фирмите успешно да се справат со овие обврски. Исто така, треба да се одбележат активностите што се реализираа со Македонска банка за поддршка на развојот во 4 регионални комори, каде што беа презентирани кредитните линии кои ги има МБПР, а се наменети за стопанството. Минатата година, на барање на фирми од Регионалната комора со седиште во Кичево, се отвори Канцеларија на оваа комора. Исто така, некои од регионалните комори реализираа и меѓународни активности преку посети на стопанственици од други странски регионални комори на кои се организираа и бизнис -форуми.
6. Преку 30 меѓународни активности на Комората во рамките на разни програми, проекти и иницијативи
7. Организирани 23 саемски манифестации и презентации во странство
8. Организирани 12 бизнис форуми, 10 во земјата, 2 во странство
9. Над 20 посети на дипломатско конзуларни претставници во Комората
10. Издадени 44 електронски изданија на „Бизнис Инфо“, во просек на околу 30 страници
11. Објавени 17 електронски „Бизнис Огласник“, во просек со по 20 страници
12. Објавени 6 броја на „Информатор“, во печатено колор издание на македонски и на англиски јазик, во просек по 40 страници
13. Реализирани 65 семинари од страна на Центарот за едукација и развој на човечки ресурси на кои учествуваа 1400 учесници
14. Вкупно 30 покровители на Стопанската комора на Македонија во 2012 година
15. Издадени документи од Бизнис канцеларија:
    - 1216 сертификати за потекло на производите (Форм А);
    - 9.986 сертификати за потекло на производите (Оригин);
    - 365 АТА-карнети;
    - 25 потврди за ексклузивитет;
    - 2 потврди за единствен производител;
    - 19 потврди за производител;
    - 22 потврди за членство во Комората;
    - 248 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
    - 7 мислења за исполнување на економските услови.

# ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС КОНФЕРЕНЦИИ
## *(секој понеделник во 11.00 часот)*

**16.01.2012 година**
„ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА ПЧЕНИЧНОТО БРАШНО "

**23.01.2012 година**
„ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА НОВОФОРМИРАНАТА ГРУПАЦИЈА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ПРИ МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА - МЕА"

**30.01.2012 година**
„ИНВЕСТИЦИИТЕ - КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПАНИИТЕ"

**6.02.2012 година**
„ЕВРОПСКАТА РЕГУЛАТИВА REACH, СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ХЕМИКАЛИИ – ОБВРСКА И БЕНЕФИТ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ"

**13.02.2012 година**
ЗА МЛЕКОПРОИЗВОДСТВОТО - СТРАТЕГИИ ИМАМЕ, НЕДОСТАСУВААТ КОНКРЕТНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

**27.02.2012 година**
„ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА"

**5.3.2012 година**
„ДОСТАПНИТЕ ЕВРОПСКИ ФОНДОВИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НИВНАТА ИСКОРИСТЕНОСТ"

**12.3.2012 година**
„ПРАВИЛНИЦИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ – ПРЕДУСЛОВ ЗА ЗАШТИТА НА ДОМАШНОТО ПРОИЗВОДСТВО"

**19.3.2012 година**
„БЕЗ ИНВЕСТИЦИИ ВО НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И СТАНДАРДИ НЕМА РАЗВОЈ"

**26.3.2012 година**
ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ - ПОТРЕБА И ОБВРСКА

**27.3.2012 година**
"РЕАКЦИЈА НА СТОПАНСТВОТО ПО ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ НА ВНАТРЕШЕН ПРОМЕТ И ИЗВОЗ НА ОТПАДОЦИ И ОСТАТОЦИ ОД МЕТАЛ"

**2.4.2012 година**
ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА ОД МАЛ ОБЕМ – НЕОПХОДЕН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА „СИВАТА" ЕКОНОМИЈА

**9.4.2012 година**
ТРГОВЦИТЕ НА МАЛО БАРААТ ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

**12.4.2012 година**
„ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДОНЕСЕНА ЗА ПЕРИОД ОД 12 ГОДИНИ“

**20.4.2012 година**
„СО ИНВЕСТИЦИИ ВО КОНЗЕРВНАТА ИНДУСТРИЈА ДО ЕКСПАНЗИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ“

**27.4.2012 година**
„НОВИНИ И МОЖНОСТИ НА ИПАРД-ПРОГРАМАТА ЗА 2012“
(објавен првиот повик)

**7.5.2012 година**
ПОДГОТВЕНИ ЗА ЕУ? НАПРЕДОКОТ НА КОМПАНИИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ИСПОЛНУВАЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ НА ЕУ

**14.5.2012 година**
НАРЕДБАТА ЗА ЗАБРАНА НА ПРОМЕТ СО СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ УКИНАТА.
ШТО ПОНАТАМУ?

**21.5.2012 година**
ПРАВИЛНИЦИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ, КЛУЧНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА

**28.5.2012 година**
ИСКЛУЧИТЕЛНА МОЖНОСТ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ДА ГИ КОФИНАНСИРААТ СВОИТЕ ИНОВАТИВНИ ПРОЕКТИ

**4.6.2012 година**
„УСПЕШНА ИНВЕСТИЦИЈА ВО МЛЕКОПРОИЗВОДСТВОТО ВО УСЛОВИ НА КРИЗА И НЕИЗВЕСЕН ПЛАСМАН“

**11.6.2012 година**
„РЕГИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – ОДГОВОР НА ТРАНСПОРТНАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ КОН СОСЕДИТЕ“

**18.6.2012 година**
„РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО КОНТЕКСТ НА ВЛЕГУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ВО ЕУ И ЕФЕКТОТ ВРЗ МАКЕДОНИЈА “

**25.6.2012 година**
„ГРУПАЦИЈАТА НА АГЕНЦИИТЕ ЗА НЕДВИЖНОСТИ СЕ ЗАЛАГА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ПРОМЕТ СО НЕДВИЖНОСТИ“

**2.7.2012 година**
„ФИНИНАСИСКИТЕ ПРОИЗВОДИ НА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДРШКА НА РАЗВОЈОТ (МБПР) ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ - ОСИГУРУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ И ИЗВОЗНИОТ ФАКТОРИНГ“

**9.7.2012 година**
„ТЕКОВНИТЕ СОСТОЈБИ И ДЕЛОВНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ОСНОВНИТЕ МЕТАЛИ“

**27.8.2012 година**

ОРГАНИЗИРАНИ ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ - ПРЕДУСЛОВ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА (ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИСКУСТВАТА НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ ВО РЕГИОНОТ)

**4.9.2012 година**

ПРЕДЛОГ-ТАРИФАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ПРОИЗВЕДУВАЧИТЕ НА ФОНОГРАМИ И УМЕТНИЦИТЕ - МУЗИЧКИ ИЗВЕДУВАЧИ

**10.9.2012 година**

ЗАБРАНАТА НА АДИТИВИ ВО БЛЕНД ЦИГАРИТЕ ШТЕТНА ЗА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

**17.9.2012 година**

КВАЛИТЕТОТ НА БЕТОНИТЕ И АСФАЛТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР

**24.9.2012 година**

МОЖНОСТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА КАЈ НОВИТЕ КВАЛИФИКУВАНИ ПОТРОШУВАЧИ

**1.10.2012 година**

„МОЖНОСТИ И НАСОКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВСКАТА И ИНВЕСТИЦИОНАТА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНСКИТЕ И ГЕРМАНСКИТЕ КОМПАНИИ“

**8.10.2012 година**

НЕДОСТИГОТ НА КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА - ЗНАЧАЕН ПРОБЛЕМ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА

**15.10.2012 година**

СТАНДАРДОТ ХАЛАЛ – МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ХАЛАЛ-ПАЗАРИТЕ

**22.10.2012 година**

КАКО ДО ПОУСПЕШЕН РАЗВОЈ НА РУДАРСКИОТ И АГРОБИЗНИСОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА?

**5.11.2012 година**

„ПРЕПОРАКИТЕ НА КОМОРИТЕ ОД ЦЕФТА-РЕГИОНОТ ЗА НАТАМОШНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА И УСОГЛАСУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ И ИНВЕСТИЦИОНАТА КЛИМА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН – ПАТ КОН ЗАБРЗАНА ЕУ-ИНТЕГРАЦИЈА”

**19.11.2012 година**

„СУБВЕНЦИИТЕ ЗА МЛЕКО ВО ФУНКЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ”

**26.11.2012 година**

„ПРОМЕНА НА ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНИТЕ ПРАВИЛА ЗА ПОТЕКЛО СОГЛАСНО РЕГИОНАЛНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ПАН-ЕВРО-МЕДИТЕРАНСКИ ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА ЗА ПОТЕКЛО“

**3.12.2012 година**

„СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ – СИЛЕН ПАРТНЕР НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА – ПРОМОЦИЈА НА РЕБРЕНДИРАНИОТ СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ”

**17.12.2012 година**

„ФИНАНСИСКОТО ОПТОВАРУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД КАЈ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО ГРАД СКОПЈЕ“

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ЧЛЕНКИТЕ

Застапувањето и претставувањето на интересите на членките на Стопанската комора на Македонија, на ниво на стопанството во целина и по одделни дејности, односно гранки, како и досега, така и во 2012 година, го реализираше преку постојано актуелизирање на одделни теми, покренување иницијативи и предлагање мерки и решенија од интерес на стопанството кон надлежните институции во земјата.

Во тој дел, покрај тековните иницирани тематски расправи од одделни организациони форми на членството во Комората, согласно тековно произлезените спорни прашања, во рамките на застапувањето и претставувањето на интересите на членовите се одржаа **тематски расправи и трибини на одделни форуми за:**

- Ефектите од натамошната либерализација во енергетскиот сектор, со императивот од донесувањето на сите подзаконски акти согласно Законот за енергетика;
- Окрупнувањето на земјоделското земјиште како главен предуслов за повисока конкурентност на агроиндустриското производство;
- Приоритетните активности и мерки за постепено воведување на класичното производство во текстилната индустрија;
- Функционирањето на новата Македонска национална туристичка агенција, со предлог-мерки на бизнис-заедницата за брендирање на туристички македонски производ во функција на пораст на бројот и на ноќевањата на домашните, а посебно странските туристи;
- Изградба на инфраструктура за квалитет преку акредитирање на приоритетни лаборатории и цертификациони тела за непречен извоз на странските пазари од една, како и проверка на квалитетот, како единствена бариера на заштита на македонското производство на домашниот пазар, од надворешната конкуренција, односно увозот;
- Разрешување на транспорните проблеми и унапредување на соработката меѓу корисниците и давателите на транспортни услуги во рамките на новоформираната Македонската транспортна асоцијација;
- Имплементацијата на законската регулатива од областа на урбанизмот, градењето и минералните суровини – имајќи ги предвид новините во Законот за градење, Законот за градежно земјиште, Законот за концесии итн.

  Посебно внимание беше посветено не текот во одвивањето на процесот во делот на легализацијата на капацитетите кај стопанските објекти, продажбата на државното градежно земјиште и урбанизацијата на истото, како главен предуслов за нови инвестиции.

## Регионален развој

Посебно внимание во 2012 година се посвети на унапредувањето на економските активности на регионално ниво.

Во тој контекст, кон што обврзуваат и основните законски начела за регионален развој, а посебно „Начелото на партнерство", Стопанската комора на Македонија одржуваше континуирана директна и непосредна соработка со ЕЛС, со цел спроведување на политиката за регионален развој:

# ОДРЖАНИ СЕ 105 СОСТАНОЦИ И РАСПРАВИ ЗА КОМПАНИИТЕ

## 13.01.2012 година

**Програма за туристички развој на општина Гевгелија за 2012 со поддршка од локалниот буџет - ЕДЕН МИЛИОН ЕВРА ЗА ПРОПАГАНДА И УЧЕСТВО НА САЕМИ**

Туризмот како растечка стопанска гранка во општина Гевгелија зазема носечко место и во програмата за туристички развој и туристичко претставување на општината за 2012 година што ја донесе локалниот општински Совет. Со програмата се предвидува посебен фонд на средства од локалниот буџет во износ од еден милион денари што ќе бидат наменети за туристичка пропаганда на општината, како и организирање и учество на саемски манифестации. Развојот на транзитниот туризам, постојноста на десет сместувачки капацитети од елитниот, планинскиот, бањскиот и рекреативниот туризам, расположивоста на 1.200 легла, блиските излетнички места локалитетот Смрдлива вода, археолошкиот парк „Вардарски рид", се дел од туристичката понуда на Општината што се најде во пропагандниот материјал за туристичка промоција за 2012 година.

## 8.02.2012 година

**Формирана Групација за агрегати, бетони и асфалти**



Целта за формирање на Групацијата е пред се` поизразената потреба од организирано делување и едуцирање на учесниците во производството на конечниот производ, односно бетонот или асфалтот, притоа почитувајќи ги одредбите на законските решенија за градежни производи, како и имплементација на усвоените европски стандарди во градежништвото и производството на градежни материјали во Република Македонија. За претседател на Групацијата за агрегати, бетони и асфалти е избран Иван Ангелов од Цементарница „Усје" – Скопје.

## 08.02.2012 година

**Состанок на Здружението на банкарство со претставници од Министерството за економија во врска со законот за потрошувачи - за Кодекс кај трговците**



Целта на состанокот со банките беше иницијативата на Министерството за економија за потпишување на кодекс за фер однесување на банките и штедилниците на ниво на цело Здружение. Иницијативата беше прифатена и проследена до Здружението на банкарство.

## 21.02.2012 година

**Винарницата „Стоби" на Саемот во Москва - СО „ВРАНЕЦ" ПОЧНУВА ОСВОЈУВАЊЕТО НА РУСКИОТ ПАЗАР**

Виното „Вранец" на винарската визба „Стоби" предизвика голем интерес на Саемот за храна и пијалаци „ПродЕкспо" што се одржа минатата недела во Москва. „Стоби", како што соопшти, на Саемот се претстави со 11 сорти вино. „Стоби" произведува вино исклучиво од сопствени лозови насади на вкупно 600 хектари. Големиот интерес што го предизвика „Вранец" на Саемот во Москва, е поттик за почнување стратегија за освојување на рускиот пазар. На „ПродЕкспо", на 102.000 метри квадратни изложбен простор, над 2.500 фирми од целиот свет ги презентираа своите производи.

### 22.02.2012 година

### Работно тело на Групацијата за агрегати, бетони и асфалти - НЕОПХОДЕН ВОДИЧ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Работното тело на Групацијата за агрегати, бетони и асфалти, составено од експерти, расправаше за идните активности особено беше потенцирано дека како основна задача на ова тело е да се направат напори да се запознаат сите учесници во производството и контролата на агрегати, бетони и асфалти за законските прописи, посебно за имплементацијата на новите законски стандарди. Во обемната и конструктивна дискусија беше нагласено дека е потребно да се направат согледувања и да се посвети посебно внимание на производството и тоа по кои стандарди се одвива, но истовремено и контролата да биде по истите стандарди. Се постави прашањето колку нашите компании се целосно подготвени за имплементација на европските стандарди, бидејќи имплементацијата бара многу приспособувања и многу средства. На состанокот се заклучи деке е потребно да се подготви водич со цел да се информираат и запознаат компаниите, но и надлежните институции за имплементацијата на законската регулатива.

### 22.02.2012 година

### Комисијата за нормативно-правни и економски работи при Здружението на комуналните дејности - СОЦИЈАЛАТА ГО „ЈАДЕ" БУЏЕТОТ НА КОМУНАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Комисијата за нормативно-правни и економски работи (НПЕР) при Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија избра ново раководство, согласно Одлуката на Здружението на комуналните дејности, на состанокот одржан на 1.02.2012 година. За претседател на Комисијата е избрана Светлана Трајкова од „Комунална хигиена" од Скопје, а за потпретседатели Предраг Милосављевиќ од АД „Скопски пазар" - Скопје и Горан Кузмановски од ЈП „Комуналец" од Кавадарци. На состанокот беше анализирана и состојбата со (не)плаќањето на комуналните услуги од страна на семејствата што се социјални случаи, што според проценките изнесува и до 20% од фактурираните сметки, како и Одлуката на Уставниот суд од 15.02.2012 година, со која се поништи одредба од Законот за јавни службеници во делот на општините.

### 28.02.2012 година

### Средба на претседателот на МАР, Николајчо Николов, со претставници на Центарот за геолошки истражувања од Фрајберг - ИСКАЖАН ИНТЕРЕС ЗА СОРАБОТКА И ИНВЕСТИЦИИ ВО РУДАРСТВОТО



Николајчо Николов, претседател на МАР при Комората, на 28.02.2012 година, на средбата што ја оствари со делегацијата од Германија составена од членови на УО на Центарот за геолошки истражувања од Фрајберг, ги истакна потенцијалите и можностите за заеднички вложувања, како и размена на искуства и технологија при истаржување и експлоатција на минералните суровини, посебно кај металичните минерали. За потенцијалите одделно по локалитети во државата и по видови на минералните суровини, како и конкретни податоци за истражени резерви, посебен интерес кај гостите предизвика презентацијата подготвена од страна на Стопанската комора на Македонија, при што се истакна дека детално ќе ја разгледаат и со дополнувањата од денешниот разговор, се надеваат дека ќе се создадат можности за заедничка соработка, а и вложувања. Интерес беше искажан и за законската регулатива, односно постапката за добивање концесии за детални геолошки истражувања, но и за експлоатација на минералните суровини, потоа за обврската за рекултивација на искоритените простори на минерални суровини, како и законската регулатива за заштита на животната средина.

**28.02.2012 година**

**Шестиот јавен повик за ИПАРД ќе биде објавен идниот месец - РОКОТ ПРОЛОНГИРАН ЗА ДА СЕ ОВОЗМОЖИ ПРИБИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ**

Шестиот јавен повик за доставување барања за користење ИПАРД-средства од Програмата 2007-2013 ќе биде објавен во втората половина на март годинава, а не овој месец, како што беше најавено, соопшти Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Со одложувањето Агенцијата им излегува во пресрет на потенцијалните корисници според кои првично дефинираниот рок е краток за подготовка на апликациите и обезбедување на потребните документи. Потенцијалните корисници во функција на квалитетна подготовка на барањата и навремено обезбедување на потребната документација се обратија со барање за пролонгирање на објавување на првиот јавен повик за ИПАРД во 2012 година, - наведува Платежната агенција.

**1.3.2012 година**

**Формирана Македонската транспортна асоцијација во рамките на Стопанската комора на Македонија**



Со цел ефикасно остварување на целите и потребите на давателите и корисниците на транспортните услуги, во Стопанската комора на Македонија на 1.3.2012 година се формираше Македонската транспортна асоцијација (МТА), како единствена од ваков вид организациона форма на делување во Р. Македонија, која покрај давателите на транспортните услуги од железничкиот, авионскиот, патниот и поштенскиот сообраќај, ќе ги обединува и корисниците на транспортните услуги, кои ќе дадат свој придонес во насока на развој на транспортот согласно потребите на извозно ориентираните компании.

Дел од активностите на Асоцијацијата ќе бидат насочени кон разрешување на проблемите со кои се соочуваат компаниите од оваа дејност, како потребата од либерализација на услугите во железничкиот сектор, потребата од унапредување на квалитетот на железничката услуга, носење на соодветна регулатива за комбинираниот сообраќај, развој на мултимодалните јазли за меѓусебна поврзаност и претовар на транспортираната стока како услов за функционална и ефикасна транспортна логистика, како и прашањата за транспортната инфраструктура. Во таа насока, Асоцијацијата ќе ги разгледува и можностите за носење на стратегија која ќе услови развој на мултимодалниот концепт и транспортен систем во Република Македонија.

За претседател на Асоцијацијата е избран Иван Петровски од „Фершпед“ АД - Скопје, а согласно насоките по кои ќе работи Асоцијацијата беа избрани и двајца подпретседатели, Јане Адамчески од „Макстил“, компанијата која е една од најголемите корисници на транспортни услуги и Кире Димановски од „Македонски Железници Транспорт“ АД - Скопје, моментално единствен давател на железнички услуги во земјата.

**2.3.2012 година**

**Групацијата за производство, откуп и преработка на млеко - СУБВЕНЦИИТЕ СЕ ДОБРИ, НО ПОТРЕБНА Е НИВНА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА**

Статистичките податоци во оваа гранка покажуваат негативна тенденција и да не беа и ваквите субвенции, крајните резултати ќе беа далеку полоши. Потребна е стратегија за млекарство, но и корекции кај субвенциите, не во масата, туку во прераспределбата на истите. Особено по најавата на Владата дека ќе се прави стратегија за субвенционирање за наредните три години. Оттука, се наметнува потребата за измена на владината Одлука за распределба на државното земјиште кое се дава под концесија за земјоделците, како и владината политика на зголемување на површините под фуражни култури од минимум 20% од вкупното

обработливо земјиште. Правилникот за квалитет на сурово млеко, кој стапи на сила од 1.01.2012 година, како таков е добар, но потребно е да се одреди и за квантитет, односно минимална количина на предадено млеко, мерка која би делувала стимулативно пред се` на малите фармери. При изработка на стратегијата која е во најава, потребно е да се стимулираат квалитетни и професионални фармери со поголем број на грла, квалитетни услови на чување и производство на млеко, како и стимулации според квалитет, но и квантитет на произведено и предадено млеко.

**5.3.2012 година**

**Конституирана Групација на бањи**

Во рамките на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, се формира Групација на бањи со цел: разгледување прашања во врска со решавањето на тековните проблеми во дејноста на бањите; разгледување предлози на закони и други прописи, давање мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренување иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите; соработка со надлежните органи и институции во земјата согласно Законот и со општите акти на Комората и застапување на интересите на членовите на Групацијата; координација на активностите за организиран настап на членовите на семинари, конгреси и други манифестации во земјата и во странство; поттикнување на имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста и други активности што заеднички ќе ги договорат членките на Групацијата. На денешната конститутивна седница се донесоа Правилата за работа на Групацијата на бањи и Програмата за работа за 2012 година, а за претседател е избран д-р Мишо Михајловски од Катлановска бања.

**7.3.2012 година**

**Програма за финансиска поддршка во земјоделството за годинава –**
**СУБВЕНЦИИТЕ ЗА ДОМАТИ И КРАСТАВИЦИ ЗА 50 ОТСТО ПОГОЛЕМИ**

Градинарите годинава ќе добијат поголеми субвенции со новата владина Програма за финансиска поддршка во земјоделството. За хектар домати се предвидени 30.000 денари, а за пиперки и компири се проектирани по 23.000 денари, што е зголемување за 15 проценти. Површините под лубеници, дињи и тикви ќе бидат поддржани со 6.000 денари, а под грав, боранија, грашок, зелка и со други градинарски култури со 20.000 денари. Минималната површина со зеленчук треба да изнесува 0,2 или 0,1 хектар доколку проиводствените капацитети се во подрачја со ограничени можности. За производство на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе под контролирани услови, во пластеници или оранжерии, поддршката изнесува 90.000 денари по хектар. Услов е производството да биде продадено на домашниот или на странски пазар најдоцна до 15 мај годинава.

**12.3.2012 година**

**Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа –**
**ПОБАРАНО УСОГЛАСУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

На седницата на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа одржана на 8.3.2012 година во Стопанската комора на Македонија, членките расправаа за актуелните состојби во оваа дејностј, при што се актуелизираа одредени прашања и проблеми сврзани со спроведувањето и неусогласеноста на законската регулатива. За разрешување на актуелните проблеми, членките заклучија да се побара средба со претставници на Дирекцијата за заштита и спасување, со цел поттикнување на подоследно спроведување на Законот за пожарникарство и Законот за инспекциски надзор. Како приоритетни прашања за разрешување, се посочија одредбите кои се регулирани во Законот за пожарникарството каде се регулирани користењето, одржувањето, сервисирањето и испитувањето на уреди, опрема и средства за гасење пожари. Членките на Групацијата посебно ги посочија прашањата на дефинирање која институција ги спроведува и контролира уредите, опремата и средствата за гасење пожари, поконкретно дефинирање на техничките нормативи и стандарди и задолжителните постапки при контролите, промена на сервисниот картон со етикета и ставање на датум на увозот и неговата важност.

## 13.3.2012 година

### Од седницата на Здружението на угостителството и туризмот - ПОЗИТИВНИ РЕЗУЛТАТИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ЗА 2011 ГОДИНА




Тековните статистички податоци за 2011 година покажуваат дека македониските компании од туристичкиот сектор остваруваат позитивни резултати. Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на туристите во декември 2011 година изнесува 32 867, а бројот на ноќевањата изнесува 62 948. Бројот на туристите во декември 2011 година, во однос на декември 2010 година, е намален за 4,4%, а бројот на ноќевањата е намален за 2,0%. Бројот на домашните туристи во декември 2011 година, во однос на декември 2010 година, е намален за 16,5%, а бројот на странските туристи е зголемен за 10,4%. Бројот на ноќевањата на домашните туристи во декември 2011 година, во однос на декември 2010 година, е намален за 12,3%, а бројот на ноќевањата на странските туристи е зголемен за 10,4%. Во периодот јануари-декември 2011 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 10,5% и тоа: кај домашните туристи има намалување за 1,4%, а кај странските има зголемување за 25,1%. Посебно внимание се обрнува на унапредување на квалитетот на производите и развивање на дополнителна понуда и содржини со цел продолжување на сезоната, се настојува да се подобри соработката на сите нивоа и со јавниот и со приватниот сектор за создавање преуслови за квалитетно управување со дестинациите и остварување на оптимален учинок во однос на „вредност за пари“, потоа, активно и континуирано се следи состојбата и движењата на пазарот, и ценовно и друго приспособување, со цел да се избегне негативното влијание на сезонските влијанија и на другите нарушувања, едукација на матичните и други учесници во туристичката индустрија со цел подигнување на квалитетот на услугите, поголемо вклучување на понудата на стоки/производи од домашно производство (во тековното работење и при инвестициските вложувања), како и креирање посебни понуди/програми наменети на посебни структури на потрошувачи според возраста (млади, пензионери и постари лица), според интересот (службено патување, одмор, велнес и др.) и др. Продолжување со субвенционирањето на странскиот организиран туристички промет за гостин над три дена,Стратегијата за развој на туризмот изготвена во соработка со УНДП и Светската банка насочува кон интензивна регионална соработка во оваа област и преку јавно-приватно партнерство да се зајакне улогата на туристичките агенции на национално ниво.

## 14.3.2012 година

### Наскоро нова категоризација на сместувачките капацитети во Македонија - ПОВИСОКИ СТАНДАРДИ ЗА ХОТЕЛИТЕ

Министерството за економија подготвува нов построг правилник за категоризација на угостителските објекти и хотелите. Треба да се одржи јавна расправа со туристичките работници за новиот правилник по што официјално ќе биде усвоен. - Целта на новиот правилник е да се направи транспарентна категоризација на хотелите и да се подигнат на повисок степен стандардите на сместувачките капацитети. На хотелиерите ќе им биде оставен рок од две години за да ги приспособат објектите на новиот правилник, а дотогаш во соработка со Државниот пазарен инспекторат ќе се спроведат низа контроли за да се види како се спроведува категоризацијата, рекол министерот за економија Ваљон Сарачини. Тој појаснил дека со измените на Правилникот хотелите со една и две ѕвездички треба да имаат најмалку 10 соби, оние со три ѕвездички 15, а хотелите со четири или пет ѕвездички најмалку 20 соби. Во сите хотели треба да има можност да се плаќа со кредитни картички.- Хотелите со четири ѕвездички како дополнителна содржина треба да имаат базен, а со пет ѕвездички задолжително е да имаат базен, фитнес и спа-центар. Зголемена е и квадратурата на собите на 14 метри квадратни за еднокреветна соба за хотел со пет ѕвездички, 12 метри квадратни за хотел со четири ѕвездички, - рекол Сарачини. Се предвидува зголемување и на бројот на соби

за инвалидизирани лица и наместо на секои 50 соби, една да е за инвалид, а сега е предвидено на секои 30 соби една да биде за инвалид.- Задолжително е и познавањето на по еден светски јазик за менаџерот и персоналот кој комуницира со гостите и за хотелите со две ѕвездички, - додал Сарачини.

### 16.3.2012 година

### Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - Нови измени на Законот за градење, можност за подобрување на некои од законските решенија

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите на 16.3.2012 година, во присуство и на преставник од Министерството за транспорт и врски, раcправаше за новите измени на Законот за градење. Во обемната и плодна дискусија, по предлогот за новите измени на Законот за градење, се отворија повеќе прашања и дилеми околу предложените измени и дополнувања на Законот, кои можат да се сведат во неколку групи, како прашања и дилеми: - како да се вклопат инженерите кои завршуваат или имаат завршено по стариот и новиот систем на едукација на техничките факултети за добивање овластувања; - да се направи нова категоризација на градбите, посебно во втора категорија, каде треба да се одделат објекти по површина некаде до максимум 1000 м2; - одобрение за градење да се добива врз основа на идеен проект, или само архитектура и статика, со цел да се скрати постапката, но исто така и се предложи врз основа на идеен проект да се добие прво одобрение за подготвителни работи, а потоа одобрението за градење; - критериуимите за одземањето на лиценците треба да се корегираат, како и предвидените глоби треба драстично да се намалат, како за правните субјекти, така и за физичките лица. На крајот, се заклучи во писмена форма да се доставаат забелешките и предлозите до Министертсвото за транспорт и врски, во кои покрај предлозите од денешниот состанок, да се земат предвид и писмените забелешки кои треба компаниите да ги достават најдоцна до вторник (20.3.2012 година).

### 22.3.2012 година

### МАР предлага: Законот за минерални суровини да не оди на седница на Владата додека не се земат предвид забелешките на компаниите



Македонска асоцијација на рударството – МАР при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 22.3.2012 година, расправаше по предлог-текстот на Закон за минерални суровини, како и за предлогот за формирање Агенција за геолошки истражувања. Раководителот на Секторот за минерални суровини, Ејуп Љатифи, нагласи дека со предложените законски решенија за минерални суровини, посебно внимание се дава на поедноставување на постапките околу добивањето на концесии за детални геолошки истражувања, континуирано, по потреба ќе се спроведува постапката за доделување концесии за детални геолошки истражувања, а за минералните суровини: песок, чекал, собирен кварц и глини, директно ќе се добива концесија за експлоатација. Во законот е предложено мислењата за детални геолошки истаржувања да се бараат само еднаш, освен за енергетските и металичните суровини. Досегашниот предлог на компаниите е прифатен и вграден во законот, што проширувањето на концесиското поле ќе може да се добие и во процесот на детални геолошки истражувања. Посебна поддршка се даде за предлогот за формирање Агенција за геолошки истражувања, со што ќе се создаде база на податоци за минералното благо на државата, односно ќе

располага со податоци за основните геолошки истражувања и геолошките карти во земјава. На крајот од седницата се заклучи, во писмена форма да се доставаат предлози и забелешки по текстот на Законот за минерални суровини, во кои ќе бидат вградени сите забелешки од денешниот состанок, но и предлозите од компаниите кои во писмена форма треба да ги доставаат до Македонската асоцијација на рударството – МАР, најдоцна до 27.3.2012 година.

**23.3.2012 година**

**Здружение на угостителството и туризмот - ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА УКРАИНА ПРЕД ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Амбасадата на Украина во Република Македонија, одржа состанок со компаниите од туристичката индустрија од Република Македонија (23.о2.2012 година). Пред присутните беше извршена промоција на Украина, како една од најатрактивните туристички дестинации во 2012 година во врска со Европското првенство во фудбал ЕУРО 2012 во Киев, Донетск, Лавов и Карков, а беа презентирани и најголемите туристички агенции и туроператори и хотели во Украина.

**26.3.2012 година**

**Прес на тема: ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ – ПОТРЕБА И ОБВРСКА**

Стопанската комора на Македонија согласно приоритетите во 2012 година, ги промовира темите врзани за инфраструктурата, инвестициите и извозот и на 26 март 2012 одржа прес-конференција на тема: Либерализација на железничкиот сообраќај, во насока да се промовираат искуствата во земјите-членки на ЕУ, Словенија и Чешка, преку деловните стратегии на Словенски железници - Скопје, чиј основач се Словенски железници - Љубљана и Локо Транс - Скопје, чиј основач е Локо Транс - Брно. Транспортната политика на ЕУ има за цел да развива економски, социјално и еколошки одржлив транспортен систем. Целта е да се контролира или намали натамошниот раст на патниот и авиосообраќајот за да се постигне балансот во однос на транспортниот систем којшто е пријателски кон животната средина. Според ЕУ, железницата би требало да одигра клучна улога во измените на транспортната политика, но тоа бара нови перформанси на железнчките услуги. Со ЕУ-директивите 91/440 и 2001/14, ЕУ го отвори процесот на либерализација на железничките услуги преку отворањето на пазарот и овозможување конкуренција. Либерализацијата на железничкиот транспорт или создавање услови за конкурентност се гледаат во основните придобивки: се унапредува конкурентноста во железничкиот сообраќај; се креираат новите услуги; железницата ги заменува другите видови на сообраќај; се зголемува капицитетот на оној што ја дава услугата; се зголемува капацитетот на корисници на услугата.

**28.3.2012 година**

**Групацијата на агенциите за недвижности ја лоцира нелојалната конкуренција како најголем проблем - ПОВТОРНО ПОБАРАНО ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА ПРОМЕТ СО НЕДВИЖНОСТИ**




На барање на повеќе членови на Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија, на 28.3.2012 година се одржа состанок на кој се расправаше за актуелните состојби на пазарот на недвижности. Во обемната расправа беше потенцирано дека има потреба од постоење и работење на Групацијата на агенции за недвижности и како прв приоритет треба да биде, со заеднички ангажман на сите агенции, анимирање и екипирање на членството во Групацијата. Поради нелојалната конкуренција која е се` почеста појава на пазарот со недвижности, агенциите се заложија за донесување на закон за промет со недвижности. Работењето на Групацијата треба да биде насочено и кон воспоставување контакти со асоцијации

од други земји, размена на искуства, зачленување во европски асоцијации, а пред се', организирање на едукативни семинари за агенциите. Се иницираше обновување на Етичкиот кодекс на посредниците со промет на недвижности (усвоен 2006 година) и вклучување на нови агенции кои ќе го потпишат и кои ќе го почитуваат, со што ќе се зајакне угледот на посредничката дејност на пазарот за недвижности.

### 3.4.2012 година

### Презентација на туристичките дестинации пред туроператори и медиуми од Србија ГОДИНАВА СЕ ОЧЕКУВА ЗГОЛЕМЕН БРОЈ СРПСКИ ТУРИСТИ

Со цел унапредување на туристичката соработка меѓу Србија и Македонија, а по повод доаѓањето на туроператори и медиуми од Србија, на 2 април 2012 година, се одржа состанок на српските и македонските туроператори, туристички агенции и хотели. Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот, организираше состанок со презентација на најголемите туристички агенции и туроператори од Србија и презентација на туричките можности на Република  Македонија, со најзначајните туристички агенции и туроператори и хотели од Македонија за туристите од Србија. По состанокот, присутните остварија билатерални средби за поблиско запознавање на можностите за позабрзан туристичкки промет во иднина. На туроператорите и новинарите од Србија им се претставија  потенцијалите од македонската туристичка понуда, традиоционалните и новите туристички содржини во Скопје, Битола, Прилеп, Старо Нагоричане, националните паркови Маврово и Пелистер... На состанок со  претставници на Здружението на угостителството и туризмот  при Стопанската комора на Македонија, српските туроператори ги анализираа можностите за зголемување на бројот на туристите.

### 4.4.2012 година

### ПРОМОЦИЈА пред Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата

Текстилната индустрија претставува една од водечките преработувачки идустрии во земјава со значителни резултати во формирањето на БДП, високото апсорбирање на работна сила и извозот. Затоа  за да се стопираат негативните тенденции и да започнат долгоочекуваните позитивни движења во оваа многу важна дејност за македонската економија, неопходни се итни активности со надлежните државни институции за преземање мерки и активности на краток и на долг рок. Поради тоа, на 4.4.2012 година во хотелот „Оаза" - Штип, Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, одржа состанок на кој се разгледуваа актуелните состојбите и тековните движења на текстилната индустрија во Република Македонија. Во интерес на стопанствениците од текстилната индустрија, исто така на состанокот од страна на претставници на агенцијата „Адонис Груп" се изврши презентација на саемите кои се организираат во Истанбул и тоа: - Саем за ткаенини - Fabric Expo 2012- Саем за конфекциски машини, машини за везење и аксесори - Clothing Machineru 2012- Меѓународен саем за предива и текстил - Hightex 2012.

### 6.4.2012 година

### Заедничка седница на Здружението на металната и електроиндустријата и Здружението на информатичко-телекомуникациски технологии - ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА И ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТОРНСКА ОПРЕМА




Здружението на металната и електроиндустријата и Здружение на информатичко-комуникациски технологии, на 6.4.2012 година го разгледаа Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електорнска опрема. Со Законот целосно се заокружува процесот на хармонизација на националното законодавство во областа на управување со отпадот и посебните видови на отпад. Со овој закон се уредуваат барањата за заштита на

животната средина кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои произведуваат и пуштаат на пазарот во земјата електрична и електронска опрема и кои постапуваат со отпадната електрична и електронска опрема. Со донесување на овој закон се предвидува намалување до најмало можно ниво на негативното влијание на отпадната електрична и електронска опрема врз животната средина и врз човековото здравје, унапредување на стандардите за заштита на животната средина од страна на производителите, трговците и крајните корисници. Во дискусијата се истакнаа повеќе отворени прашања кои произлегуваат од примената на Законот, пред се` висината на надоместокот кој би се плаќал по килограм на производот доколку фирмата не склучи договор со колективниот постапувач со оглед дека во производите како што се електрични шпорети, бојлери, разладна опрема, најголемиот дел од тежината се метали, а мал дел отпаѓа на електричната опрема и сл.

### 6.4.2012 година

### Здружение на производители на тутун и производи од тутун - ПИЛОТ-ПРОЕКТОТ ЗА РАН ОТКУП НА ТУТУН ОЦЕНЕТ КАКО ДОБАР

Пилот-проектот за откуп на ран тутун чии носители се МЗШВ, откупните компании, како и Сојузот на здруженија на тутунопроизводители, е оценет како добар на седницата на Здружението на производителите на тутун и производи од тутун. Предлогот 15 декември како краен термин за отпочнување на откупот да биде во периодот од 1 до 15 октомври, од страна на Министерството е поддржан, но со одредени забелешки во насока на исплата на повереницинте кои ќе излезат порано на откупните места, како и краен рок за завршување на откупот. И оваа година раниот откуп на тутунот треба да биде пилот-проект, а со ресорното министерство и Сојузот на здруженија на тутунопроизводители да се договори рамка за наредната година.

### 20.4.2012 година

### Македонската транспортна асоцијација отвори Јавна расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за железнички систем

Македонската транспортна асоцијација - МТА при Стопанската комора на Македонија на 20 април 2012 година одржа јавна расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за железнички систем. Во конструктивна и обемна расправа, а во насока на подобрување на одредени законски решенија, компаниите доставија писмени предлози, кои сублимирани, се доставија до предлагачот, Министерството за транспорт и врски на РМ, како и до Комисијата за транспорт, врски и екологија при Собранието на Република Македонија. Главните забелешки се однесуваа на дел од надлежностите на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, дозволата за превоз за сопствени потреби, висината на полисите за осигурување, објавата на мрежа и укинување на можноста за влез на други оператори кои може да вршат јавен железнички превоз на патници и стока во железничкиот сектор се` до моментот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

### 23.4.2012 година

### Здружение на комуналните дејности - ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НОВАТА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ОД ОВАА ОБЛАСТ

Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија расправаше за Предлог-законот за комунални дејности, изработен од ресорното Министерство за транспорт и врски, при што присуствуваа и претставници од ресорното министерство, како и од Државниот комунален инспекторат. Како клучна забелешка на Законот до страна на Здружението е определување на начинот на кој во иднина ќе треба да се плаќа трошокот за комунални услуги.

## 22.5.2012 година

### Заедничка седница на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите и на Групација на производители на заштитни врати – ВГРАДУВАЊЕ БЕЗБЕДНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ВРАТИ ВО ЈАВНИТЕ И КОЛЕКТИВНИТЕ ОБЈЕКТИ

Во рамките на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија, во изминатиот период на неколку наврати актуелизирани се одредени прашања и проблеми сврзани со увоз на безбедносни врати. Сознанијата во Групацијата се дека е присутен зголемен увоз на заштитни врати за кои не постои сигурност за нивниот квалитет и безбедност, а се вградуваат во јавните и колективните станбени објекти. За да се надмине ваквата состојба, а имајќи ги предвид несаканите последици по животот и безбедноста на населението и имотот, на 22 мај 2012 година, во Комората, се одржа заедничка седница со претставници на Здружението на градежништвото и Групацијата на производители на заштитни врати. На состанокот присуствуваа и претставници на Министерството за економија, Државниот пазарен испекторат и Државниот инспекторат за градежништво и урбанизами. Во однос на прашањата и проблемите поврзани со увозот на заштитни врати, за кои се цени дека се со несоодветен квалитет и не ги задоволуваат барањата согласно Законот за безбедност на производите, се заклучи производителите на врати, заедно со Државниот пазарен инспекторат да ги испитаат сите можности за сертифицирање на домашните производи, како и обезбедување сознанија за исправноста на документацијата што се приложува при увоз на овие производи.

## 30.5.2012 година

### Заедничка седница на Здружението на металната и електроиндустријата и Асоцијацијата за секундарни суровини и рециклатори - НАВРЕМЕНЕНА ПОДГОТОВКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПРИМЕНА НОВИОТ ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД



Со влегувањето во сила на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електорнска опрема („Сл. весник на РМ“ 06/12) целосно се заокружува процесот на хармонизација на националното законодавство во областа на управување со отпадот и посебните видови на отпад, беше истакнато на заедничката седница на Здружението на металната и електроиндустријата и Асоцијацијата за секундарни суровини и рециклатори, одржана на 30.5.2012 година во Стопанската комора на Македонија. Со донесување на овој закон се предвидува намалување до најмало можно ниво на негативното влијание на отпадната електрична и електронска опрема врз животната средина и врз човековото здравје. Одредбите на овој закон се применуваат на електрична и електронска опрема на големи и мали домашни апарати, опрема за информатичка технологија и телекомуникациска опрема, како и за други производи за широка потрошувачка. Исто така, на седницата беа истакнати процедурите за регистрација на производителите и трговците кои за прв пат пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници опрема.

## 5.6.2012 година

### ГРУПАЦИЈА НА АГРЕГАТИ, БЕТОНИ И АСФАЛТИ - Отворени прашања - како до имплементација на ЕУ-стандарди кои се усвоени како македонски

Групацијата на состанокот одржан на 5.6.2012 година, го разгледуваше Водичот за имплементација на европските стандарди усвоени како македонски, кој беше подготвен од страна стручна работна група. На состанокот присуствуваа и претставници на Министерството за транспорт и врски, пазарниот и државниот инспекторат, како и од Агенцијата за државни патишта. Господин Иван Ангелов, претседател на Групацијата, истакна дека формирањето на Групацијата за агрегати, бетони и асфалти, е пред се`, заради поизразената потреба од организирано делување и едуцирање на учесниците во производството на конечниот производ,

односно бетонот или асфалтот, притоа почитувајќи ги одредбите на законските решенија за градежни производи, како и имплементација на усвоените европски стандарди во градежништвото и производството на градежни материјали во Република Македонија. За таа цел, беше подготвен Водичот, кој треба да претставува основа за запознавање и информирање на сите инволвирани страни при имплемнатацијата и контролата на стандардите, односно заеднички и синхронизирано да се настапи во една сериозна кампања. Во расправа беше потенцирано дека за пласман на производството на домашниот пазар, не е потребна ЦЕ-ознаката, согалсно законските прописи, а бидејќи производите агрегати, бетони и асфалти не се извезуваат и немаат потреба од нивно поседување. Сепак, како најголем проблем претставува недоволната информираност на компаниите, а се нагласи, дека и кај повеќето институции постои меѓусебна несинхронизираност, како во донесување на законските прописи и стандарди, уште повеќе во определување на надлежностите.

### 11.6.2012 година

### Прес на тема: Регионално поврзување на железничкиот сообраќај во Југоисточна Европа – одговор на ЕУ-транспортната политика кон соседите




Унапредувањето на транспортот и транспортната инфрастуктура согласно насоките на транспортната политика на ЕУ беше тема на седница на МТА во рамките на СКМ, што во голема мера е поврзано и со промовирање на Алијансата која е одговор токму на оваа политика, односно е резултат на она што значи регионално поврзување, конкретно во железничкиот сообраќај.

Во регулативата на ЕК за конективна Европа, наведена е потребата од исполнувањето на новите предизвици во транспортот кој е основа за силна европска економија и за кој е очекуван раст до 2050 година и тоа во зголемување на товарниот сообраќај за 80% и патничкиот сообраќај за 50%. Исполнувањето на овие предизвици е можно: со подобра интеграција, повеќе иновативност и висока технологија кон раст на транспортот за да се задоволат растечките потреби и да се намали емитувањето на ЦО2, решенија на барањата за кохерентност на инфраструктурата (географски разлики) во однос на постигнување непречен, безбеден, сигурен, висококвалитетен транспорт, создавање мрежа на политики и управување како основа за напредок и транспарентност за идентификација на проекти, акцент на територијалната интеграција за да се има балансиран пристап кон пазарите на ЕУ.

Во документот на ЕУ: Обновен пристап за соработка во транспортот со соседите, се подразбира создавање на регионални транспортни мрежи како инструмент за побрзо приспособување и интегрирање во транспортните мрежи на ЕУ што е наведено и во нашата Национална транспортна стратегија, посебно во однос на Коридорот 10, а со цел негова ревитализација, формирана е Алијанса на националните железнички оператори од Словенија, Хрватска, БиХ, Србија, Република Српска и Македонија. Алијансата е формирана за да се овозможи подобра конкурентност која е можна доколку се отстранат главните пречки, а тоа е редуцирање на слабиот квалитет на извршување на услугите (предолго возно време, некомплетни логистички услуги, слаб проток на стока на транспортниот пат поради долги задржувања на границите, слабо следење на пратките и слаба искористеност на возните средства) и неконкурентност спрема патниот транспорт.

На последното проширување на Алијансата во членство се приклучи и „Македонски железници - Транспорт“ АД - Скопје, а интерес е пројавен од страна на грчкиот превозник TRAINOSE Cargo и италијанскиот превозник Treno Italia Cargo.

**14.6.2012 година**

## Координативно тело за унапредување на работата на Здружението на трговијата - УТВРДЕНИ ОСНОВНИТЕ НАСОКИ ЗА ПРИОРИТЕТНО ДЕЛУВАЊЕ

Во насока на заедничко согледување и непосредно информирање за актуелните состојби и за проблемите со коишто се среќаваат стопанските субјекти од дејноста трговија, во Стопанската комора на Македонија, на 5.6.2012 година, се одржа работен состанок на кој во функција на Координативно тело при Здружението на трговијата, присуствуваа претставници на најзначајните компании од трговијата на големо и на мало. Беше констататирано дека во трговијата постојат голем број отворени прашања и проблеми коишто негативно се рефлектираат врз вкупните состојби во оваа стопанска област и за чие надминување, преку соодветен третман и аналитички приод, е потребно преземање итни мерки и активности, пред се', од носителите на економската политика во земјата. За приоритетно делување во таа насока, беа дефинирани неколку категории на отворени прашања, со посебен акцент на подобрување на транспарентноста и унапредување на соработката со носителите на економската политика во земјата.

**5.7.2012 година**

## Трговците со алкохолни пијалаци и производителите на вино и пиво, уште еднаш го отворија прашањето за парафискалната давачка за продолжување на лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци - РЕШЕНИЕ ПО РАСПРАВА НА ЕКОНОМСКИОТ СОВЕТ

На 3 јули 2012 година, во присуство на Илир Шабани, претставник на Министертсвото за економија на Република Македонија, трговците со алкохолни пијалаци и производителите на вино и пиво, уште еднаш го отворија прашањето за неоправдано законски поставената парафискалната давачка од 0,05% од вкупниот промет остварен во претходната година за продолжување на важноста на лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци во трговијата на мало, како обврска согласно Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009 и 158/2010). Ваквото законско решение според трговците и производителите на алкохолни пијалаци е правно неиздржливо, поради воведена парафискална мерка, неефикасна за целите што треба да се постигнат со истата и нарушените принципи за заштита на конкурентноста на пазарот на производи и услуги, поради тоа што трговците со повеќе од три продажни објекти се ставени во нерамноправна положба во однос на другите трговци. Од друга страна, предвидениот надоместок од 0,05% од вкупниот промет остварен во претходната година претставува двојно оданочување за трговците, ако се земе предвид дека за остварениот годишен промет компаниите редовно плаќаат ДДВ, данок за остварена добивка, како и сите други актуелни давачки. За овој проблем со барање за негово надминување доставена е информација до Владата на Република Македонија, по која ќе расправа Економскиот совет.

**19.7.2012 година**

## ПРЕЗЕНТИРАНА НОВАТА КРЕДИТНА ЛИНИЈА од 100 милиони евра, од страна на МБПР-Македонската банка за поддршка на развојот




Со цел подетално запознавање со условите за кредитирање од последната транша на Европската инвестициона банка, на 19 јули 2012 година, во организација на Здружението на банкарство при Стопанската комора на Македонија,Македонската банка за поддршка на развојот направи презентација за користење средства од новата кредитна линија од 100 милиони евра.

Презентацијата беше наменета за промовирање на средствата кои се наменети за набавка на основни средства, инвестиции и за трајни обртни средства. Исто

така беше промовирана поддршката на преработувачите и извозниците на земјоделски производи преку кредитни линии обезбедени со докапитализација на МБПР во вредност од 10,7 милиони евра.

### 30.8.2012 година

### Групација за пазари - РАСПРАВА ЗА ПРАВИЛАТА ЗА ТРГУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ

Групацијата за пазари при Стопанската комора на Македонија на состанок со претставниците од Министерството за економија, инспектори од Комуналниот инспекторат при Министерството за транспорт и врски, како и претставници на Комората на пазарџии, разговараа за Предлог-законот за трговија на зелените пазари, што се подготвува во Министерството за економија, со кој теба да се регулира работата на закупците на тезги на зелените пазари. На состанокот беа изнесени серија забелешки на дел од предложените членови во Предлог-законот, и истите беа доставени и во писмена форма. Групацијата за пазарите со години наназад алармира дека е потребен посебен закон кој ќе ја регулира работата на оваа комунална дејност.

### 12.9.2012 година

### Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - ПРОДАЖБАТА ОПАЃА, НЕПОХОДНИ СЕ МЕРКИ ЗА ПОТТИК НА ГРАДЕЊЕТО

Расправата за состојбата во станбената изградба беше иницирана со цел да се согледаат состојбите во изградбата на станови во нашата земја, како и во регионот, колку пазарот може да ги откупи. Според направената Анализа за станбената изградба во РМ, беше констатирано дека во последните десетина години во нашата земја се градат околу 5.000 - 5.500 станови, а исто толку има и незвршени станови. Просечната цена на становите во нашата земја се движи околу 800 до 850 евра/м2. Според Анализата, најголема станбена изградба има во Скопје, односно во општината Аеродром, потоа во Штип, Тетово, Струмица, Охрид итн. Во земјите од регионот, најголема изградба на станови имаше во Бугарија, Хрватска, Србија и Црна Гора. Со отпочнување на светската криза во 2008-2009 година, изградбата на станови доста стагнира, така што истата просечно е намалена во овие земји за околу 25-30%. Во обемната дискусија беше истакнато дека и во нашата земја има намалување на продажбата, посебно откако се промовира проектот "Купи куќа, купи стан", при што се очекува цената на становите да се намали и под 900 евра/м2. Градежниците се залагаат формирањето на цените на становите да бидат и според локации, при што да се користат и цените на земјиштето дадени во ценовникот, да се направат напори за намалување на цените на комуналиите, а граѓаните да бидат стимулирани со полиберални услови. Се истакна, дека се донесуваат детални урбанистички планови во општините, во кои се' почесто се изоставуваат јавните сервиси на граѓаните (школи, градинки и друго) за сметка на станбени и деловни објекти, или многу брзо и во краток временски рок се прави пренамена на маркиците за објектите. На седницата се заклучи, сите констатации и предлози да се достават до ресорното министертсво, со цел нашите градежни компании да ги ползуваат истите услови, како и странските инвеститори. Ова посебно беше потенцирано за условите кои се објавуваат во тендерите кои се од јавен интерес, односно во инфраструктурата.



**13.9.2012 година**

**Разјаснување на одредби од Законот за пакување и отпад од пакување**

Во насока на разјаснување на одредени нејаснотии во врска со примената на Законот за пакување и отпад од пакување („Службен весник на РМ“ бр. 161/2009, 17/2011, 47/2011 и 136/2011) на 13 септември 2012 година се одржа работен состанок во присуството на претставниците од Министерството за животна средина и просторно планирање. Присуството беше искористено за разјаснување на поголем број отворени прашања во врска со примената на овој закон, како и за обврските што од истиот произлегуваат за сите обврзници.

Генерална констатација беше дека доследната примена на овој закон ја забавија голем број отворени прашања и нејаснотии како за компаниите така и за надлежните органи, поради што голем дел од субјектите на коишто овој закон се однесува, не по нивна вина, не пристапиле кон негова навремена примена, како последица на што во овој момент се соочени со значајни финансиски обврски кон државата.

Се заклучи да се достави допис до надлежните државни органи во кој ќе бидат наведени и ќе се бара одговор на отворените прашања и дилеми истакнати на состанокот. Во тој контекст, да се бара во рамките на донесените анти-кризни мерки да се одложи или отпише финансискиот долг на компаниите-производители на отпад од пакување кон државата настанат согласно овој закон во 2011 година.

**14.9.2012 година**

**Состојби и отворени прашања во врска со постапката на земање мостри за лабораториски анализи при увозот на производи од странство (обврски на инволвираните учесници во постапката, одговорности, трошоци и сл.)**

На седницата на Здружението на трговијата, на која присуствуваше и г-дин Дејан Рунтевски, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство со неговите соработници, беше оценето дека досегашната соработка на релација бизнис-сектор – Агенција за храна и ветеринарство е на задоволително ниво и е во функција на потребите на стопанството, а во насока на нејзино натамошно унапредување, од присутните претставници на бизнисот беа истакнати неколку отворени прашања со цел за нивно соодветно надминување.

Одговорите на претставниците на Агенцијата по поставените прашања од стопанствениците тргнуваа од функцијата што овој државен орган ја има во увозно-извозната постапка, како и од нејзините идни планови и активности што ќе бидат реализирани во насока на подобрување на состојбите во оваа сфера, како што се: надминувањето на појавата на земање поголема количина на мостри за лабораториска анализа од евидентираната во записниците; спречување на девијантните појави предизвикани од посредните лица во постапката; надминување на присутна разноликост на цените на лабораториските анализи во одделните лаборатории во земјата, пристап кон примена на интегрирана електронска поврзаност на сите инволвирани субјекти во постапката и др. Во оваа прилика беше изнесен и генералниот став на Агенцијата дека постои подготвеност анализите за стоките пред да се пуштат во слободен промет да не се прават стриктно на граничните премини, туку и на други локации.

**14.9.2012 година**

**Примената на HACCP-системот во трговијата на големо и на мало (согледувања од досегашната примена, искуства, обврски, препораки и сл.)**

Претставници на поголемите трговски куќи од земјата, во присуство на и г-дин Дејан Рунтевски, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство со неговите соработници, одржаа расправа за примената на HACCP-системот во трговијата на големо и на мало во земјата со посебен осврт врз досегашната примена, стекнатите искуства, законските обврски, препораките по овој основ и сл.

Генерално беше констатирано дека и покрај комплетно донесените законски прописи коишто ја регулираат оваа материја, на глобален план неговата имплементација не е на соодветно ниво како од страна на фирмите, така и од страна на Агенцијата.

Воведувањето на HACCP -системот подразбира безбедно производство, чување и дистрибуција на храната до потрошувачите, а се применува на месото, дел од пекарските производи, млекото и млечните

производи и овошјето и зеленчукот. Поради нецелосната примена на овој систем од страна на значаен дел од учесниците на пазарот коишто меѓусебно стопанисуваат, фирмите коишто во повисока фаза го применуваат овој систем трпат одредени последици врз работењето што негативно се одразува и врз нивните остварени резултати и развојни процеси. Посебно, во оваа насока беше нагласен т.н. проблем на „следливост" што произлегува од несоодветната примена на HACCP-системот од страна на сите учесници во репродуктивниот синџир, тргнувајќи од производителот до крајниот потрошувач, при што последиците од тоа се на товар на фирмите кои доследно го применуваат овој систем, а кои според осетливоста на производите тоа мора да го прават. Адекватната примена на HACCP-системот особено е чувствителна во „ладниот синџир" на смрзнати производи (месо и сл.), каде што и со најмало непочитување на потребните постапки и обврски на учесниците, доаѓа до значајни несакани последици од трошковен аспект и одговорност.

Претставниците на Агенцијата за храна и ветеринарство, оправдувајќи ги реакциите на стопанствениците изнесени во дискусијата, а тргнувајќи од неминовноста за што поскора интензивна примена на законските прописи во оваа област, го изнесоа својот став и заложба за брз и систематски приод во примената на овој систем преку веќе изработен план на сопствени мерки и активности. Истовремено, беше искористена можноста да се упати апел до сите обврзници за примена на HACCP-системот за заедничка соработка и непосредни консултации за сите отворени прашања што се појавуваат во пракса, што е во интерес како за самиот бизнис-сектор, така и за нив, како носители на оваа државна функција.

## 26.9.2012 година

### Инсистирање на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа - ДОСЛЕДНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ




На седницата на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа, одржна на 26.9.2012 година во Стопанската комора на Македонија, членките на Групацијата расправаа за актуелните состоби во оваа дејност при што беа презентирани досегашните активности кои се реализираа со Дирекцијата за заштита и спасување по однос на измени на законските и подзаконските акти од оваа облст, како и за нелојалната конкуренција и недоволната соработка со надлежните институции и инспекциии. На седницата се посочија проблеми за дефинирање која институција ги спроведува и контролира уредите, опремата и средствата за гасење, во согласност со прописите за стандардизација, акредитација и оценка за сообразност. Се посочи дека е потребно поконкретно да се дефинираат техничките нормативи и стандарди и да се укаже на задолжителните постапки при одржување, сервисирање и испитување на ПП согласно со техничките нормативи и стандарди и упатства на производителот. За разрешување на актиелните проблеми членките заклучија да се организира собрание на Групацијата и повторно да се побара средба со претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

**5.10.2012 година**

### Здружението на комуналните дејности -БЕЛГИСКИ КОМПАНИИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ ВО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОТПАДОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија реализираше средба со белгиска делегација на компании и економското атеше на Амбасадата на Белгија во Бугарија, заинтересирани за соработка во делот на: собирање и преработка на ѓубре, отпад од пакување и управување, депонии и рехабилитација на загадените локации, изработка на физибилити студии. Компаниите Spaque, Aenergyes и Кластерот Val + ги презентираа своите активности и досегашните вложувања во комунални фирми во повеќе земји во Европа и светот. И директорот на ЈП „Комуналец" од Прилеп, Златко Ристески, кој воедно е и претседател на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, преку презентација го афирмираше моделот кој јавното комунално претпријатие го има применето за решавање на примарниот отпад, како и проектот за секундарниот отпад.

На состанокот беа присутни и директори на комунланите претпријатија во Македонија претставници од Министерството за животна средина, од регионалните центри за управување со отпад во планските региони и од компаниите постапувачи со отпад.

**24.10.2012 година**

### Винарницата „Стоби" се пробива на пазарот во Холандија – ДЕГУСТАЦИЈА НА „ВРАНЕЦ ВЕРИТАС" ЗА МАСТЕРКЛАС

Во соработка со Амбасадата на Македонија во Кралството Холандија, винарницата „Стоби" претстави свои 13 сорти на вино на Саемот Персвејн во Хаг, меѓу кои и „Вранец веритас" што беше дел од специјалната дегустација за Мастерклас. Овој настан е поддржан од македонската Амбасада во Холандија, а наменет за презентација на македонското вино во кралството. Додека траеше Саемот, вината беа изложени пред потрошувачите, љубителите на вино, но и пред увозниците, дистрибутерите и претставниците од ХоРеКа сегментот во Холандија. Грозјето користено за производство на ова вино е од сопствените лозови насади на винарницата стари повеќе од 30 години, во Вардарското виногорје. На настанот во Хаг беа претставени и други 13 сорти од винарницата „Стоби", меѓу кои „Пино ноар", „Мерло", „Каберне совињон", „Аминта", „Вранец", „Шардоне барик", „Стоби куве", „Мускат отонел", „Ркацители", „Ризлинг", „Жилавка" и „Розе алегро". Покрај винарницата „Стоби", на Саемот Персвејн во Хаг учествуваа и уште 10 други винарници од Македонија.

**29.10.2012 година**

### Групација за лифтови - НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ЈА ЗАГРОЗУВА БЕЗБЕДНОСТА НА ЛУЃЕТО

Областа пуштање во промет, монтирање, сервисирање и одржувањето на лифтовите е регулирана со повеќе закони и правилници како што се: Законот за градба, Законот за техничка инспекција, Законот за безбедност на производи и други. Иако оваа материја е регулирана со повеќе закони, не е регулирано издавањето на лиценци за монтажери и сервисери за одржувањето на лифтови, има присуство на нелојална и нестручна конкуренција која се јавува со работењето на „дивите" монтажери на лифтови. Тоа беа клучни проблеми истакнати на состанокот на членките на Групацијата за лифтови, одржан на 26.10.2012 година, во Стопанската комора на Македонија. Ваквата состојба овозможува на пазарот да се пласираат производи - лифтови со небезбедни карактеристики кои не ги исполнуваат условите за безбедност на производите. За надминување на ваквата состојба се побара поголема активност на терен на Државната техничка инспекција, со што би се зголемила контролата на лифтовите, а неисправните лифтови да бидат ставени вон употреба.

## 31.10.2012 година

### „Банкекспо“ и дебата на тема „Криза – 2013 – Предизвици – Решенија“ по повод Светскиот ден на штедењето - 31 октомври во организација на Здружението на банкарството - НАЦИОНАЛЕН ПРИОРИТЕТ ВО ЗЕМЈАВА ТРЕБА ДА БИДЕ ЗАЖИВУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА



Здружението на банкарство при Стопанската комора на Македонија, членка на Европската банкарска федерација (ЕБФ) по повод Светскиот ден на штедењето - 31 октомври, го организираше првиот „Банкекспо“ во хотел „Александар Палас“ во Скопје. Манифестацијата, која се очекува да стане традиционална, ја отвори м-р Зоран Ставрески, заменик-претседателот на Владата на РМ и министер за финансии, а присуствуваше и м-р Димитар Богов, гувернер на Народната банка на Република Македонија. Свеченоста на едно место ги собра банките, осигурителните компании, деловните



асоцијации, компаниите, монетарната и фискалната власт, науката, односно сите чинители кои ја креираат економската политика во државата. Присутните гости со внимание го проследија и сценскиот настап со кој се симболизираше штедењето.

Свечениот дел на манифестацијата беше заокружен со поделба на плакети на триесетина шалтерски работници од банките и штедилниците за постигнати особени резултати во работењето со населението за 2012 година.



## 31.10.2012 година

### Групација на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри - ДИРЕКТИВИТЕ БАРААТ ЦЕЛОСНО КОМПЈУТЕРИЗИРАЊЕ

На седницата на Групацијата на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри, одржана на 31.10.2012 година, во Стопанската комора на Македонија, се расправаше за актуелните состојби и проблеми согласно постојната законска регулатива и примената на новата законска регулатива на Европската унија 1266/2009. Во дискусијата беше истакнато дека со новите регулативи потребно е модернизација на акредитираните инспекциски тела - работилници за тахографи и таксиметри со кои полесно би се следеле процедурите воведени со новите директиви. Опремувањето на работилниците, пред се`, се состои во целосно компјутеризирање и воведување на нова опрема за сервисирање. На седницата беше нагласено дека одредени инспекциски тела кои добиле акредитација не се доволно стручни за вршење на оваа дејност, со што се прави нелојална конкуренција на пазарот која се манифестира во висината на износот, односно цената на сервисирањето и калибрирањето на тахографите.

## 15.11.2012 година

### Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија расправаше за Предлог-законот за трговија на зелените пазари - ИМ ДОАЃА КРАЈОТ НА „ДИВИТЕ" ПАЗАРЏИИ



Во Групацијата на пазари при Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија се расправаше за најновата верзија на Предлог-законот за трговија на зелените пазари, изработен од Министерството за економија. Предлогот кој треба да ја дефинира работата на зелените пазари, но во исто време треба да ги даде очекуваните ефекти во правец на решавање на „сивата" економија, намалување на невработеноста и справување со нелојалната конкуренција, е оценет како добар, со посочување на неколку членови каде треба да се направат одредени приспособувања и измени со цел да може да се постигнат предвидените цели - да се стави ред во работата на зелените пазари, пред се`, преку дефинирање на статусот на закупците на тезги.

## 23.11.2012 година

### Расправа по отворените прашања во врска со одредбата од Законот за трговија со која се забранува продажба на алкохолни пијалаци

Со цел надминување на одредени отворени прашања поврзани со одредбата од Законот за трговија со која се забранува продажба на алкохолни пијалаци во одредени периоди од денот и од годината, а во функција на утврдување на заеднички предлози за нивно институционално разрешување со коишто ќе се настапи пред надлежните државни органи, се одржа заедничка работна средба на претставници на Групацијата на производители на алкохолни, безалкохолни пијалоци и води и претставници од трговијата на мало со алкохолни пијалаци.

Изградените ставови по ова прашање, со конкретни барања и предлог-решенија за надминување на присутните проблеми, беа упатени до надлежните државни органи.

**23.11.2012 година**

**Барање на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа - ПОКОНКРЕТНО ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ**



На седницата на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа, одржана на 23.11.2012 година во Стопанската комора на Македонија, членките на Групацијата расправаа за иницијативи за измени и дополнување на Законот за пожарникарство и Законот за инспекциски насзор, како и за актуелните состоби во оваа дејност. На седницата беа презентирани сите досегашни активности кои се реализираа со Дирекцијата за заштита и спасување по однос на измени на законските и подзаконските акти од оваа област, како и за нелојалната конкуренција и недоволната соработка со надлежните институции и инспекциии. Како приоритетни прашања за разрешување се користењето, одржувањето, сервисирањето и испитувањето на уреди, опрема и средства за гасење на пожари, испитување и поправка на ПП-опрема кај ПП-единиците. За разрешување на актуелните проблеми членките заклучија да се достават предлози за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство и истите на зедничка средба да се разгледаат со претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

**27.11.2012 година**

**Групацијата на шпедитери и Македонската транспортна асоцијација заеднички во подобрување на постојните состојби во прекуграничната соработка на граничниот премин Богородица / Евзони**

Во Стопанската комора, во координација на Иван Петровски, се одржа подготвителен состанок со претставници на МТА, МИФА, МЖТ Транспорт и Инфраструктура и компании, во врска со работниот состанок на прекуграничните служби, планиран во декември 2012 година на граничниот премин Богородица – Евзони, на иницијатива на СКМ и во соработка со Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија. По изнесувањето на практиката со кои присутните се среќаваат во секојдневното работење во прекуграничниот промет и дискусијата по истите, се заклучи да се поддржи иницијативата на СКМ за отворање дијалог со грчките прекугранични служби, железницата, Пристаништето во Солун, како и деловни асоцијации на транспортери и шпедитери. Овој дијалог треба да биде постојан, со утврдена динамика за да се следат и евалуираат договорените инцијативи. Приоритет треба да се даде на оние иницијативи за унапредување на прекуграничните процедури – забрзување на проток на стоки, кои не зависат од финансиските средства, туку од организационо подобрување и подобро искористување на внатрешните капацитети. Потребно е да се запазат ЕУ-стандардите за време траење на прекуграничното процесирање на стоки, односно чекање за процесирање, кое сега изнесува од 4 - 5 часа, но не ретко и повеќе.

Со цел одржливост на заедничко унапредување на функционирање на премини меѓу двете земји, се предложи формирање работна група од претставници на јавниот сектор (царина, инспекциските служби, железница, Пристаништето во Солун) и приватниот сектор (комори, здруженија, Пристаништето во Солун), која периодично или по потреба ќе се среќава и ќе ја евалуира имплементацијата на заеднички договорените иницијативи, ќе врши мониторинг и заеднички ќе се обраќа до ресорните институции.

## 10.12.2012 година

### Македонски и грчки стопанственици на заедничка средба со претставници на Царината и инспекциските гранични служби на двете држави на граничниот премин Богородица - Евзони - ПОБАРАНО ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ПРОТОКОТ НА СТОКИ




Македонски и грчки стопанственици, на заедничка средба со претставници на Царината и инспекциските гранични служби на двете држави, ги разгледуваа можностите за олеснување и забрзување на протокот на стоки (10.12.2012 година). Средбата беше организирана од Стопанската комора на Македонија во соработка со Канцеларијата за врски на Република Грција и поддршка на Царинската управа на Република Македонија.

Заедничкото царинење на македонско-грчките гранични премини, воведување трета смена на Солунското пристаниште и втора смена, односно работа до 20:00 часот на Царината и инспекциските служби на тоа пристаниште, се дел од мерките кои би го олесниле протокот на стоките. Од сето ова ќе има позитивни ефекти бидејќи не само што ќе се намалат транспортните трошоци, туку и ќе се зголеми трговската размена, - истакна Иван Петровски, претседател на Македонската транспортна асоцијација (МТА). - Прифатлив е предлогот за заедничкото царинење бидејќи не бара вложување дополнителни средства. Тоа би се вршело со царинска испостава на земјата, а по влегувањето на стоката, царинскиот преглед би се извршил заеднички од страна на царинските службеници од двете администрации. Стопанствениците бараат од двете страни 24-часовно царинење. Сега царинење не се врши од 20:00 часот навечер до 6:00 часот наутро, што создава колони на цистерни со нафта и деривати, често пати и од над 50 возила. Проценката е дека 10 до 15 илјади возила го преминуваат граничниот премин Богородица - Евзони месечно, што е еден од ограничувачките фактори во однос на можен забрзан проток на стоки. Се предлага испораките на истородни товари физички да се прегледаат на самата граница и да се искористи можноста за физички преглед во внатрешноста на земјата по потреба.

## 10.12.2012 година

### Македонски компаппии го посетија Меѓународниот саем за метал и енергетика во Бурса - ОТВОРЕНИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА СО ТУРСКИТЕ КОМПАНИИ

Во организација на Стопанската комора на Македонија и на овластениот застапник на саемскиот организатор „Адонис Груп“, беше реализирана посета на македонски компании на 11. Меѓународен саем за обработка на метал - BURSA METAL PROCESSING TECHONOLOGIES FAIR, 10. Саем за енергетика - BELEX 2012, 4. Саем за цевки, лим и профили - BURSA SHEET METAL PROCESSING TECHNOLOGIES FAIR 2012, од 6 до 8 декември 2012 година во Бурса, Турција. На саемската манифестација над 20 посетители од 7 македонски компании ги посетија овие саемски манифестации. Притоа, стопанствениците имаа можност да стапат во контакт и да се запознаат со најновите технологии и трендови на реномираните компании производители на машини за обработка на метал, електроника за водење на индустриски процеси, опрема за енергетика, производители на цевки и лим и профили и др. Стопанствениците истакнаа дека оваа посета отвори големи можности за соработка со турските компании како за набавка на опрема, така и за остварување на заедничко производство, односно изработка на склопови и потсклопови за вградување во машините.

**10.12.2012 година**

**Македонските компании во посета на неколку саемски манифестации во Истанбул, Република Турција - НА ДЛАНКА НАЈНОВИТЕ ТРЕНДОВИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ДЕЈНОСТ**

Делегациија од 20-тина македонски компании, во организација на Стопанската комора на Македонија во периодот од 6 до 9 декември 2012 година посетија неколку саемски манифестации: 6. Меѓународен саем за храна и пијалаци „FOODIST 2012“, 2. Саем за уредување на хотели и ресторани - HORECA ISTANBUL 2012, како и 3. Саем - PRIVATE LABEL PRODUCTS. Овие саеми се одржаа во Истанбул, Република Турција. „FOODIST 2012“ е една од најголемите во регионот од областа на земјоделството и прехранбената индустрија, и на неа земаа учество голем број водечки компании од преку 20 земји во светот (Кина, Тајланд, Турција, Индија и други), а ја видоа околу 100 илјади посетители. Македонските компании имаа можност да се запознаат со најновите светски текови во областа на земјоделството и прехранбената дејност, современите технологии, опрема која се користи во прехранбената индустрија, како и разни машини за современа машинска обработка на земјоделските површини. Новите модели и современиот дизајн на сите видови на машини кои беа изложени на саемот "FOODIST 2012" беа добра платформа за македонските производители да ги видат најновите трендови во прехранбената индустрија, како и можност за отворање на перспективи за осовремување и збогатување на нивниот асортиман на производи.

**15.12.2012 година**

**Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија на семинар во Берово расправаше за потребата од изготвување Стратегија на пазарите во земјава - КОРИСТЕЊЕ НА ИСКУСТВА ОД РЕГИОНОТ**

Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија, реализираше семинар на тема: „Потреба од изготвување стратегија на пазарите во РМ". Целта беше да се добијат повеќе информации (согласно искуствата во регионот) за изработка на стратегија за пазари како документ, рамка, која ќе биде основа за натамошно реализирање на активностите на општинско и на државно ниво. Преку изработка на ваков документ, идејата на Групацијата на пазари беше на овој начин да се потенцира потребата од модернизација, осовременување и инвестирање во пазарите како дел од комуналните дејности во Македонија.

На семинарот беше присутен експерт од Хрватска (Нико Перван од Карловац). Истовремено во комуникација со претставникот од Србија, учесниците на семинарот беа запознати и со стратегијата на пазари во Србија. На крајот беа донесените заклучоци кои ќе бидат доставрени до надлежните релевантни државни институции со цел започнување активност – изработка на стратегија за пазарите во РМ. За останатите точки кои беа отворени на семинарот ќе бидат преземени соодветни активности во текот на 2013 година.

**26.12.2012 година**

**Барање на Групацијата на производители на заштитни врати – КОНТРОЛА НА СЕКОЈ УВОЗНИК НА ЗАШТИТНИ ВРАТИ**

На седницата на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија, одржана на 26.12.2012 година, се констатира дека во изминатиот период зголемен е увозот на безбедносни врати со несоодветен квалитет. За нив, всушност, не постои сигурност за квалитетот и за безбедноста. На состанокот се истакна дека на повеќе наврати организирани се повеќе средби со Министерството за економија, Царинската управа, Државниот пазарен испекторат и со Државниот испекторат за градежнисштво и урбанизам, на кои беа истакнувани посочените проблеми со нелојалната конкуренција. Присутните информираа дека врз база на тие барања, Државниот пазарен испекторат отпочна со инспекција на домашните производители за квалитетот на производите со давање на препораки за составот и квалитетот на производите да се испитува во акредитираната лабораториоја на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер. Претставниците на Групацијата истакнаа дека Државната пазарна инспекција треба да врши контрола на секој увозник на заштитни врати, а испитувањето да биде во домашната акредитирана лабораторија.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

**8.02.2012 година**

**Посета на Н.Е. Марули Сагала, амбасадор на Република Индонезија во Стопанската комора на Македонија - ФОКУС НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ И ПОВИСОКИ ФОРМИ НА СОРАБОТКА**

- Република Македонија е препознаена како идеална дестинација за влез на индонезиските инвеститори кои од тука би го освојувале регионот и европскиот пазар. Со поволните услови за водење бизнис Македонија се издвојува како потенцијална бизнис-дестинација за отпочнување бизнис на поголем број индонезиски компании од неколку стопански сектори, – посочи Н.Е. Марули Сагала, амбасадор на Република Индонезија во Република Македонија со седиште во Будимпешта, при неговата посета на Стопанската комора на Македонија (25.11.2011 година).

На средбата учествуваа и претставници на Индонезискиот трговскиот промотивен центар – ИТПЦ.

**16.02.2012 година**

**Прес-конференција на Алесандро Барберис, претседател на Асоцијацијата на европски комори (EUROCHAMBRES) на скопскиот аеродром - ЗАЕДНИЧКИ ЗЕМЈИТЕ НАЈЛЕСНО ЌЕ ДОЈДАТ ДО РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ**




За да се надминат полесно последиците од економската криза треба да се излезе на пазарите во брзо-растечките економии. Таму, во земјите од третиот свет, треба да се побара поддршка за бизнисите, порача Алесандро Барберис, претседател на Асоцијацијата на европски комори (EUROCHAMBRES), кој пристигна во Скопје по повод 90-годишнината од основањето на Стопанската комора на Македонија.

Секоја земја, напомена Барберис, има свој начин или модел за решавање на проблемите, но клучно е да се обезбеди подобар пристап до финансии преку гарантни фондови.

**24.02.2012 година**

**Средба на претседателите на стопанските комори на Македонија и на Косово, Бранко Азески и Сафет Ѓерѓалиу - ПОДГОТОВКА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

Годинава стартуваше со два билатерални документа кои ќе имаат влијание врз подобрување на трговската размена и инвестициониот амбиент меѓу Република Македонија и Република Косово. Тоа е Договорот за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход и на капитал и Спогодбата за граничното регулирање на железничкиот сообраќај. Првиот ќе влијае врз поголема сигурност на бизнисите, а втората има за цел поедноставување на граничното регулирање на железничкиот сообраќај и намалување на времето за задржување на граничните железнички премини.

**5.3.2012 година**

**Претставници на Стопанската комора и на градот Торино во посета на Стопанската комора на Македонија - ДОГОВОРЕНИ ИДНИТЕ ЧЕКОРИ НА СОРАБОТКА, НАСКОРО СЛЕДИ БИЗНИС-ФОРУМ ВО ИТАЛИЈА**

Делегацијата од Торино и од Стопанската комора на градот (Рафаела Скалиси, раководител на Одделот за меѓународни односи на Торино, Џовани Пискеда, раководител на Одделот за меѓународна трговија при Стопанската комора на Торино и Алесандро Армандо, проект-менаџер од Урбан Центар Метрополитан), во рамките на нивната посета на Скопје, оствариja средба во Стопанската комора на Македонија. Целта на нивната посета беше размена на искуства меѓу двата града во областа на туризмот, но и во областа на урбанизмот, и можноста да се види во каква форма би можел да се преслика успешниот модел на Торино, којшто е еден од најубавите градови во Италија.

**6.3.2012 година**

**Дирекција за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките - Стопанска комора на Македонија - БИЗНИС-ПОВРЗУВАЊАТА МЕЃУ БРИТАНСКИ И МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ**




Амбасадата на Велика Британија во Скопје во соработка со македонските стопански комори, спроведе проект за вмрежување меѓу британските и македонските компании.

Проектот се спроведе како продолжение на претходниот Проект "UK Chamber to MK Chamber event", каде што се оствари институционална соработка меѓу 9-те стопански комори од Велика Британија и македонските стопански комори.

Целта на овој настан беше да се унапредат бизнис-поврзувањата меѓу британски и македонски компании, идентификувани од страна на британските и македонските стопански комори.

**8.3.2012 година**

**На Македонско-кинеските бизнис-средби во „Александар Палас" се потпишаа два договора - ИНТЕНЗИВНИТЕ КОНТАКТИ МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ТРЕБА ДА ДОНЕСАТ ИНВЕСТИЦИИ**



Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките при Стопанската комора на Македонија во соработка и организација на Агенцијата за промоција на странските инвестиции и извозот и Амбасадата на Република Кина во Република Македонија, во скопскиот хотел „Александар Палас " одржаа Бизнис-форум, на којшто учествуваа претставници на 35 компании - производители на бела техника од Западна Кина, провинцијата Сичуан и македонски компании (8.3.2012 година).

Притоа, Стопанската комора на Македонија потпиша договори за соработката со Секинеската федерација на комори за индустрија и трговија, железарија и електромеханика, Сечуан и Кинескиот совет за промоција на трговијата на Сечуан.

**14.3.2012 година**

**Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките при Стопанската комора на Македонија организираше информативна средба за македонските компании за можен потенцијален бизнис со тендерите на НАМСА за јавни набавки - ЗАСЕГА САМО ТРЕНИНГ, А САМОСТОЈНО УЧЕСТВО КОГА ЗЕМЈАВА ЌЕ СТАНЕ ЧЛЕНКА НА НАТО**

Во Стопанската комора на Македонија се организираше информативна средба со поддршка на Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана на Република Македонија и за НАТО како потенцијален партнер информирани беа компаниите на информативната средба со претставниците на организацијата за НАТО јавни набавки НАМСА, со седиште во Луксембург (14.3.2012 година).

Македонските компании можат директно да учествуваат во јавните набавки на НАТО во секторот муниција, авиоиндустрија и системи, доколку НАТО има заеднички проект со Република Македонија. Во однос на сите други набавки, на стоки и услуги, македонските компании можат да учествуваат како подизведувачи на компаниите од земјите-членки на НАТО, доколку тие имаат заеднички проекти. Со станување на земјата членка на НАТО компаниите ќе можат самостојно да учествуваат во јавните набавки.

**20.3.2012 година**

**Генерално собрание на Асоцијацијата на балканските комори во Никозија на Кипар - НАМАЛУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ПОТРОШУВАЧКА И КРЕИРАЊЕ АМБИЕНТ ЗА ОТВОРАЊЕ РАБОТНИ МЕСТА**

Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори, 35-то по ред, се одржа на 16 март 2012 година во Никозија на Кипар. Домаќин беше Трговско-индустриската комора на Кипар која оваа година е претседавач на АБК. На Собранието учествуваа претставници на коморите од Грција, Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Бугарија и Романија.



Учесниците на Собранието ги поздрави претседателот на АБК, Филидас Пилиди, претседател на Трговско-индустриската комора на Кипар, кој нагласи дека неговата земја се наоѓа пред голем предизвик и обврски поради фактот дека во втората половина на 2012 година ќе биде претседавач на ЕУ.

**30.3.2012 година**

**Амбасадорот на Малави во РМ во посета на Стопанската комора на Македонија - МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ДОБРЕДОЈДЕНИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО МАЛАВИ!**

- Сакаме да ја воспоставиме соработка меѓу Унијата на коморите на Малави и Стопанската комора на Македонија, со цел да го претставиме нашето производство. Истовремено, тоа е значајно заради потребата нашите коморски стручњаци да се запознаат со функционирањето на овдешната Комора и корпоративниот сектор, - изјави професор д- р Исак Ламба, новоименуваниот вонреден и ополномоштен амбасадор на Малави во Република Македонија, со седиште во Берлин. Тој ја посети Стопанската комора на Македонија (30.3.2012 година), по предавањето на копиите на акредитивите на македонскиот министер за надворешни работи, Никола Попоски.

**30.3.2012 година**

**Презентација на саемските манифестации во Германија пред бизнис-секторот - ВРАТА ЗА НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНИЦИ НА СВЕТСКИОТ ПАЗАР**

Со над 150 меѓународни саемски манифестации и годишен профит од 3 милијарди евра, саемската индустрија во Германија е најразвиена во светски рамки. Две третини од водечките светски саеми, со преку 10 милиони стручни посетители и 170 илјади изложувачи, од коишто половината се странски, се одржуваат во Германија.

Токму поради овие факти, настапот на македонските компании на германските саеми треба да претставува предизвик не само за освојување на германскиот пазар, туку посебно за светскиот.




**2.4.2012 година**

**Босанско-македонски бизнис-форум во Сараево - ПОДОБРОТО ИНФРАСТРУКТУРНО ПОВРЗУВАЊЕ ЌЕ ЈА ПОТТИКНЕ РАЗМЕНАТА**

Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките при Стопанската комора на Македонија во рамките на Програмата за работа на ЦЕФТА-ДИХК проектот за 2012 година, заедно со Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, организираа Македонско-босански бизнис-средби на 2 април 2012 година во Сараево, во Република Босна и Херцеговина.

Целта на овие бизнис-средби беше продолжување, но и развивање на деловните односи меѓу компаниите од двете земји, со вмрежување од повеќе стопански дејности, и тоа од металната индустрија, прехранбената - кондиторската, винарството, текстилната индустрија и градежништвото. Бизнис-форумот беше поттикнат и поддржан од страна на двете комори, како и од страна на Агенцијата за промоција на извозот на Босна и Херцеговина. Во рамките на бизнис-средбите меѓу стопанствениците, беа презентирани производните програми и потенцијали, при што се најавува потпишување на конкретни договори од страна на повеќе компании, но, се создава и можност за праќање на свој трговски претставник во Босна.

**6.4.2012 година**

**Македонско-турски бизнис-форум со компании-членки на Турската асоцијација на индустријалци и бизнисмени (ТУМСИАД) – ЗАЕДНИЧКИ ВО ОСВОЈУВАЊЕ НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Трговската размена меѓу Република Македонија и Република Турција не е на задоволително ниво, но постојат можности за соработка и за подобрување на економските односи меѓу двете држави, - оценуваат деловните луѓе од компаниите-членки на Турската асоцијација на индустријалци и бизнисмени (ТУМСИАД) кои во Стопанската комора на Македонија ги разгледуваа можностите за соработка со македонски компании (6.4.2012 година).

Како што истакна претседателот на подружницата на Асоцијацијата на индустријалци и бизнисмени - МУСИАД во Измир, Абдурахман Чабук, целта на нивната посета е унапредување на економските односи со Македонија и остварување билатерални средби со македонските компании.

- Во делегацијата има компании од секторите градежништво, прехранбена индустрија, услуги и текстил. Заинтересирани сме за соработка во овие области. При оваа посета се надеваме дека ќе добиеме уште повеќе детални информации во поглед на можностите за инвестирање и потоа ќе ги разгледаме истите, - истакна Чабук. - Асоцијацијата брои 5.500 членови во Турција кои остваруваат годишен извоз од 17 милијарди САД долари и обезбедуваат работа на 15.000 лица во државата. Последните неколку години односите меѓу двете држави се на извонредно ниво кое помага и за подобрување и на трговските и на

економските односи меѓу бизнисмените. Се надеваме дека од наш аспект ќе можеме и ние малку да придонесеме во подобрување на овие односи.

### 17.4.2012 година

### Македонско-чешки бизнис-форум со учество на министрите по економија и трговија од двете земји - ТРАСИРАН ПАТОТ КОН УШТЕ ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА

Македонија и Чешка имаат одлични економски односи, но максималниот капацитет за нивно продлабочување се` уште не е искористен, оценија министерот за економија Ваљон Сарачини и неговиот чешки колега, министерот за индустрија и трговија Мартин Куба, на Македонско-чешкиот бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија (17.4.2012 година).

Енергетиката, инфраструктурата, минералните суровини, туризмот и агро-индустријата се само дел од секторите преку кои двете земји ќе ја интензивираат бизнис-соработката. Според нив, ќе се работи и на зголемување на инвестициите каде, исто така, има простор за подобрување. Присуствуваа по 30 компании од двете земји кои остварија директна средба и се договараа за идна соработка. Компаниите беа од областа на индустријата за енергетика (разладни кули, мали хидроелектрани), потенцијални градежни компании, партнери за трговски бизнис со фотоволтаични технологии, сопственици на земјиште погодно за градење на фотоволтаични постројки и партнери од секторот за обновлива енергија – фокусирани на фотоволтаични постројки.

### 24.4.2012 година

### Јавна дебата за општествената одговорност на приватниот сектор кон маргиналните групи - СТИМУЛАТИВНИ МЕРКИ ЗА ПОГОЛЕМО ВКЛУЧУВАЊЕ НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПРОЦЕС




Компаниите во Македонија се општествено одговорни за што постојат повеќе позитивни примери, но се` уште треба да се работи на промовирање на овие активности со цел поголемо вклучување на ранливите и маргинализирани групи во работниот процес.

Ова беше оценето на јавната дебата на тема: „Корпоративна социјална одговорност на претпријатијата и вклучување на маргиналните групи во приватниот сектор", што се одржа во Стопанската комора на Македонија (24.4.2012 година).

На дебатата учествуваа претставници на компании од Република Македонија, на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на РМ, претставници на дипломатскиот кор во РМ, меѓународни организации и експерти. Ова беше последната од серијата дебати што ги организираше Стопанската комора на Македонија во соработка со УНДП. Целта беше да се зголеми свеста за проблемот на семејното насилство со посебен акцент на насилството врз жените, како и да се изнаоѓаат мерки за вклучување на бизнис-заедницата во препознавање на оваа ранлива категорија на граѓани и нејзино вклучување во работниот процес.

**27.4.2012 година**

**Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките при Стопанската комора на Македонија организираше мултимедијална презентација на трговско-економскиот и туристичкиот потенцијал на Украина - РАЗМЕНАТА ТРИ ПАТИ ЗГОЛЕМЕНА, НО МОЖНОСТИТЕ НИ ОДДАЛЕКУ НЕ СЕ ИСКОРИСТЕНИ**

Македонија и Украина во континуитет развиваат се`подобри економски односи и тој тренд треба да продолжи и во иднина. Ова беше оценето на мултимедијалната презентација за трговско-економскиот и туристичкиот потенцијал на Украина што се одржа во Стопанската комора на Македонија (27.4.2012 година).

Првиот секретар во Амбасадата на Украина, Валериј Кокот, направи мултимедијална презентација со која на присутните компании им ја претстави Украина со можниот трговско- економски и туристички потенцијал и им порача на македонските компании да остварат контакти со компании од помалите региони и градови во Украина. Посебен акцент беше ставен и на Европското првенство чиј домаќин е Украина, кој се смета за настан на годината, а што е шанса и за пласман на македонски производи.

Според Валериј Кокот, Македонија најмногу извезува прехранбени производи, феросиликоманган, феросилициум и електрична опрема, а увезува моторни возила, полупроизводи од железо, топло и ладно валани производи од железо и челик и други производи со помала вредност.

**4.5.2012 година**

**Македонско-хрватски бизнис- форум со компании од регионите на Велес и Вараждин - ПРИОРИТЕТИ НА СОРАБОТКАТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ЕДУКАЦИЈА ЗА ПОВИСОКА КОНКУРЕНТНОСТ**



Во организација на амбасадите на Хрватска и Македонија во Загреб и Скопје, Стопанската комора на Македонија – Регионална комора со седиште во Велес и Жупаниската комора на Вараждин, како и на локалните самоуправи од овие два града, во Велес се одржа Македонско-хрватски бизнис-форум (4.5.2012 година). Средбата беше меѓу компании од регионот на Жупаниската комора Вараждин со повеќе од 30 македонски компании од регионот на Велес и пошироко.

Стопанската делегација од Вараждин беше предводена од градоначалникот на Вараждин, Горан Хабуш и претседателот на Жупаниската комора на Вараждин, Чедомир Цесарец. Целата на посетата беше да се обнови економската соработка меѓу Македонија и Хрватска.

**25.5.2012 година**

**Економската криза во Италија не го намалува трговскиот интерес за Македонија - КОРИДОРОТ 8 ВО ФУНКЦИЈА НА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИТАЛИЈАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**



Општата економска криза во ЕУ, како и кризата во Италија, битно не влијаеле на билатералната трговска размена, што има постојан раст во текот на минатата година, но и во првите три месеци од оваа - е заедничка оценка на Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и Фабио Кристиани, амбасадор на Република Италија во Република Македонија, при неговата посета на Комората. Амбасадорот на Италија се интересираше за моменталните стопански состојби во Македонија, за кои го запозна претседателот Азески и за кои

амбасадорот Кристиани констатира дека слични се состојбите на корпоративно ниво и во Италија, но дека во Италија БДП е во постојано опаѓање. Тој се интересираше за можноста да се зголемат италијанските инвестиции во Македонија, особено во аграрот и во преработувачката индустрија.

**28.5.2012 година**

**Дирекција за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките**

**Стопанската комора на Македонија ги повикува компаниите помасовно да учествуваат на објавениот 4-ти повик за програмата ЦИП - Еко-иновации за 2012 година - ЕВРОПСКИ ПАРИ ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ ПРЕКУ НОВИ ИНОВАТИВНИ ТЕХНОЛОГИИ**




Европската комисија го објави 4-тиот повик за Програмата ЦИП - Еко-иновации за 2012 година, наменет за компаниите кои имаат намера да инвестираат во проекти со цел да ја подобрат својата конкурентност и да ги решат еколошките проблеми со внесување нови иновативни технологии. Повикот е објавен на 8 мај, а се затвора на 6 септември годинава. Ова го нагласи Јадранка Аризанковска на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (28.5.2012).

Приоритетни области во овој повик, како што посочи Јадран ка Аризанковска, се:

- рециклирање и зелена економија;
- вода;
- одржливи градежни материјали и градежна индустрија;
- прехрана и пијалаци.

Според проектот, се кофинансира 50% од вредноста на Проектот. За 2012 година, Европската комисија одвои 34,5 милиони евра и се очекува да бидат одобрени 45 до 50 проекти. Овие средства се достапни за сите проекти кои ќе аплицираат. Аплицирањето е директно во Брисел по електронски пат.

**5.6.2012 година**

**Меѓународен саем на текстил и текстилни машини - ЗАДОВОЛЕНИ ОЧЕКУВАЊАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**



Во деновите од 31 мај до 3 јуни 2012 година, во Истанбул, Република Турција, се одржаа две меѓународни саемски манифестации и тоа:

- 8. Меѓународен саем за ткаенини „FABRIC EXPO 2012“ и
- 23. Меѓународен саем за конфекциски машини, машини за везење и модни додатоци „CLOTHING MACHINERY 2012“.

Посетителите имаа можност да присуствуваат на непосредна промоција на работата на саемските експонати и да се запознаат со новите технолошки достигнувања во изработката на финални текстилни производи. Посебен впечаток оставија современите машини за ласерско сечење на ткаенини од кои понатаму се изработува готова облека.

## 13.6.2012 година

### Претседателите на стопанските комори од поранешните југословенски републики расправаа за промените во трговијата по пристапувањето на Хрватска во Европската унија - НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РЕГИОНОТ, НЕОПХОДНА УШТЕ ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Деветнаесеттиот состанок на претседателите на стопанските комори од поранешните југословенски републики (Загреб,12.6.2012 година) беше посветен на унапредувањето на регионалната соработка во контекст на влегувањето на Република Хрватска во ЕУ. Претседателите на коморите ги поздрави Невен Мимица, потпретседател на Владата на Република Хрватска за внатрешна, надворешна и ЕУ-политика, кој инаку ќе биде и повереник на Хрватска во Европската унија. Невен Мимица нагласи дека без оглед што влегувањето на Хрватска во ЕУ нема подеднакво да се одрази врз секоја земја-потписничка на ЦЕФТА-договорот, сепак со хрватското придружување регионот оди чекор напред во својот развој и се отвораат нови предизвици.

## 18.6.2012 година

### Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките при Стопанската комора на Македонија заедно со претставниците на Шведскиот совет за трговија и Шведската амбасада во Република Македонија организираа работен состанок на тема: „Зајакнување на деловната соработка меѓу бизнис-секторот на Македонија и Шведска"

Шведскиот совет за трговија има интерес да го зајакне својот пристап и интерес кон балканскиот регион, со нов претставник одговорен за регионот со седиште во Будимпешта, господинот Ружди Екенхеим, виш проектен менаџер за Јужна и Централна Европа.

Претставникот на Шведскиот совет за трговија господинот Ружди Екенхеим се изјасни дека немаат буџет на располагање во однос на организирање на билатерални настани како што се бизнис-средби, семинари и саеми во Шведска со цел да им помогнат на македонските компании за покривање на дел од трошоците во однос на хотелско сместување, патување и трошоци околу штандовите за излагање на македонски производи на саеми во Шведска. Единствено што можат да помогнат е во индивидуално поврзување со индивидуални фирми меѓу Македонија и Шведска.

Договорено е натамошна соработка за поврзување на индивидуални фирми од Македонија и Шведска со цел директно да се запознаат и да воспостават деловна соработка.

## 22.6.2012 година

### Дирекција за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките МАКЕДОНСКО-ТУРСКИ БИЗНИС-ФОРУМ СО КОМПАНИИ ОД ТРАБЗОН

Стопанската комора на Македонија и Бизнис-асоцијацијата на индустријалци и бизнисмени од Трабзон, Турција, одржаа Македонско-турски бизнис-форум (21.6.2012 година). Македонија како пријателска земја со која Турција има извонредни политички односи, нуди многу добри можности за инвестирање, сметаат компаниите од Асоцијацијата од Трабзон, кои учествуваа на Македонско-турскиот бизнис-форум.




Најатрактивни сектори во кои сакаат да вложуваат турските бизнисмени се земјоделството, градежништвото, прехраната, туризмот и трговијата. Македонските бизнисмени, пак, очекуваат дека турските компании ќе ја продолжат традицијата на засилени инвестиции на Балканот. Велат дека во време на криза се потребни поголеми вложувања, посебно од Турција која остварува многу поголем економски раст од европските земји.

## 11.7.2012 година

**Стопанската комора на Македонија, заедно со другите комори од земјава, потпиша Меморандум за соработка со Конфедерацијата на Индиските индустрии - ЛОГИСТИКАТА ПОДГОТВЕНА, ИНДИСКИТЕ БИЗНИСМЕНИ ГИ МЕРКААТ ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ**



Во Министерството за надворешни работи на Република Македонија беше потпишан Меморандум за разбирање меѓу претставници на Конфедерацијата на индиските индустрии (CII) и трите бизнис-асоцијации во земјава – Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори и Стопанската комора на северозападна Македонија (11.7.2012 година). Потпишувањето се случи во присуство на индиската министерка за надворешни работи, Пренит Кор и нејзиниот домаќин, шефот на македонската дипломатија Никола Попоски. Осумчлената делегација на Конфедерација на индустриските комори на Индија, како гостин на Владата на Република Македонија, престојуваше во Скопје во рамките на обиколката на регионот со цел испитување на инвестициони можности и унапредување на трговијата.

## 31.8.2012 година

**Дебата со Роберт Арсов за „Глобалните финансиски движења и инвестициските перспективи во Република Македонија“ - ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ НА ДИЈАСПОРАТА СО ДОМАШНАТА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦА**




Во Стопанската комора на Македонија пред претставници од бизнис-заедницата се одржа дебата насловена како „Глобалните финансиски движења и инвестициските перспективи во Република Македонија“ (30.8.2012 година). Дебатата, всушност, беше интерактивен разговор со Роберт Арсов, член на Управниот одбор на невладината организација „Македонија 2025“. Тој е директор на дивизијата за инвестициско банкарство во „Кредит Свис“ од САД и потпретседател на невладината организација „Македонија 2025“.

На средбата беше истакнато дека добрата законска регулатива и нејзината примена се клучни за стабилноста на деловното опкружување на економските субјекти, додека решавањето на проблемот со неликвидноста е клучен за поттик за вложување, како на домашните, така и на странските инвеститори.

## 11.9.2012 година

**Порака од Годишниот состанок на земјите не-ЕУ-членки на Eurochambres во Загреб, Република Хрватска - СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ - НЕЗАМЕНЛИВ ФАКТОР ВО НАДМИНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КРИЗА**



На 10 септември 2012 година во Стопанската комора на Хрватска во Загреб, се одржа состанок на Асоцијацијата на европските комори. Она што беше потенцирано на оваа средба беше фактот дека стопанските комори се незаменлив фактор во надминување на економската криза. Треба да се користи нивното знаење, моќ, поврзување и меѓусебните искуства. На овој состанок учествуваа коморите од земјите од регионот, коморите од земјите од Европа членки на ЕУ, како и комори од земји не-членки на ЕУ кои се дел од семејството на Eurochambres. Станува збор за традиционален годишен состанок на претставниците на стопанските комори од земјите од регионот, од Источна Европа, државите-членки на ЕФТА, како и претставници од медитеранските земји.

## 17.9.2012 година

**Вршителот на должност амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија, Н.Е. А. Маџид Мозафари, во посета на Комората - ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИТЕ СЕКТОРИ ЗА ПОЧЕТОК НА ИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА**



Претседателот на Иранската комора за трговија, индустрија и рударство, во рамките на посетата на регионот, планира и посета на Стопанката комора на Македонија, со цел отпочнување развивање на трговската и други видови стопанска соработка со Македонија. Иранската комора е заинтересирана за унапредување на билатералната соработка, но преку Македонија и со ЕУ. Оваа иницијатива е целосно поддржана и од Министерството за надворешни работи на Иран, бидејќи двете земји имаат одлична политичка соработка.

## 1.10.2012 година

### Преку ЦЕФТА-ДИХК партнерскиот проект коморските промотори го претставија регионот на германските компании - ПОТЕНЦИЈАЛНА ИНВЕСТИЦИСКА И БИЗНИС-ДЕСТИНАЦИЈА




Во рамките на Проектот ЦЕФТА-ДИХК, стопанските комори од ЦЕФТА-земјите (Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Молдавија) преку организирани настани во периодот од 18 до 26 септември 2012 година од страна на стопанските комори од Берлин, Бремен, Потсдам, Хановер, Гера и Јена во Германија, ги претставија своите економски можности за соработка меѓу компаниите и можностите за инвестирање во секоја од ЦЕФТА-земјите, истакна Јадранка Аризанковска на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија.

Презентации беа направени во седиштето на Унијата на германските индустриски и трговски комори - ДИХК во Берлин пред компании и експерти од областа на поврзување на компаниите и трговската размена, беа претставени услугите што ги нудат ЦЕФТА-коморите во делот на олеснување на пристапот до германскиот пазар на своите компании и беа разгледани можностите за зголемување на таа соработка. Беше потенцирана важноста од заеднички настап и претставување на регионот ЦЕФТА во целина, со што се зголемува можноста за соработка меѓу компаниите.

## 2.10.2012 година

### Средба меѓу претседателите на Стопанската комора на Македонија и на Косово, Бранко Азески и Сафет Ѓерѓалиу - РАЗМЕНАТА НАМАЛЕНА – ЗАПАЛЕНО ЦРВЕНО СВЕТЛО




Обемот на трговската размена меѓу Македонија и Косово во првите шест месеци од годинава е намален за 18,6 отсто. Анализата на причините кои довеле до падот беше тема на средбата меѓу претседателите на Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Косово, Бранко Азески и Сафет Ѓерѓалиу. На средбата што се одржа во Стопанската комора на Македонија и на која се расправаше за унапредување на трговската и инвестиционата соработка меѓу Република Македонија и Република Косово, присуствуваа и директорите на царинските управи на Македонија и на Косово, Ванчо Каргов и Наим Хургулица.

**4.10.2012 година**

## Амбасадорот на Унгарија во Република Македонија, д-р Јозеф Бенце, во посета на Стопанската комора на Македонија - ИНИЦИРАНО ПОТПИШУВАЊЕ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ КОМОРИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ



Амбасадорот на Унгарија во Република Македонија, д-р Јозеф Бенце, најави дека деловната асоцијација од неговата земја е заинтересирана за унапредување на билатералната соработка со Стопанската комора на Македонија и воедно ја најави иницијативата за потпишување Меморандум за разбирање.

Со цел натамошно интензивирање на трговската и други видови на стопанска соработка со Македонија, унгарскиот амбасадор ја најави и посетата на унгарскиот министер за земјоделие и заштита на животната средина во Република Македонија, која ќе се случи исто така во месец ноември 2012 година. Средбата се предвидува да биде остварена и со посета на унгарски компании во Македонија од областа на земјоделието, водата и животната средина.

**9.10.2012 година**

## Во Македонија започна спроведување на Проектот за подобрување на способностите за градење на енергетски ефикасни објекти („Build up skills“) - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РАБОТНИ ВЕШТИНИ ЗА РЕАЛИЗЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА 20/20/20 НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со средства од Програмата ЦИП - Интелигентна енергија на Европската унија, во наредните 18 месеци во Македонија ќе се спроведува Проектот „Градење капацитети во градежната индустрија („Build up skills“) за подобрување на способностите за градење на енергетски ефикасни објекти. Тоа е прв проект добиен во Македонија во рамките на оваа програма.

Конзорциумот е предводен од Стопанската комора на Македонија, а партнери во овој проект покрај неа се: Агенцијата за енергетика на Република Македонија, Градежниот институт „Македонија“ АД, Здружението на бизнис-консултанти „Креација“ и Факултетот за електротехника и информациски технологии од Скопје. Проектот отпочна со реализација и имплементација.

**5.11.2012 година**

## Состанок на стопанските комори на земјите од ЦЕФТА-регионот во Скопје - ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ СЕ` УШТЕ ГО ЗАБАВУВААТ ПРОТОКОТ НА СТОКИТЕ




На инцијатива на стопанските комори на земјите од ЦЕФТА-регионот, во Стопанската комора на Македонија, на 5.11.2012 година, се одржаа три работни состаноци: за царина и правила за потекло, за земјоделие и за нетарифните бариери во ЦЕФТА-регионот. По состаноците се одржа прес-конференција на тема: „Препораките на коморите од ЦЕФТА-регионот за натамошна либерализација и усогласување на бизнисот и инвестиционата клима во земјите од

Западен Балкан – пат кон забрзана Еу-интеграција”. Коморите бараат во рамките на царинските управи да се интензивира систем на претходна најава на извоз и размена на информации на ниво на регион, конзистентност во имплементацијата на царинската регулатива, поделба на надлежностите на инспекциските служби, како и владите да се воздржат од воведување на разни заштитни мерки вон процедурите на ЦЕФТА-договорот.

## 7.11.2012 година

## Препораки од претставниците на ЦЕФТА-коморите за понатамошна - имплементација на ЦЕФТА договорот -„АД АКТА“ ЗА НЕТАРИФНИТЕ БАРИЕРИ



Поддржани од ЦЕФТА - ДИХК Партнерскиот проект, претставниците на ЦЕФТА-коморите, имајќи ги предвид препораките на коморите на Молдавија и на Хрватска доставени писмено, по размената на информации постигнаа консензус во оценката на имплементацијата на ЦЕФТА во 2012 година и ги предложија следните препораки: - Општи препораки: коморите ја разбираат имплементацијата на ЦЕФТА 2006 како инструмент за забрзување на апроксимацијата на Регионот со ЕУ, пред пристапувањето на регионот во ЕУ. Тие веруваат дека владите во ЦЕФТА-регионот ги имаат истите ставови и коморите инсистираат на координирани активности на регионално ниво во однос на приоритетите за апроксимација. Во секоја земја, различните приоритети во овој процес создаваат нови нетарифни бариери и оневозможуваат слободен проток на стоки, услуги и финансии, вклучувајќи ја перцепцијата на регионот како помалку погодна инвестициона дестинација.

## 12.11.2012 година

## Амбасадорот на Аргентина, Н.Е. Гилермо Салвадор Азрак, во посета на Стопанската комора на Македонија - ПОТПИШАНИОТ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЌЕ ЈА ПОТТИКНЕ МЕЃУСЕБНАТА РАЗМЕНА



Иницијативата на аргентинскиот амбасадор со седиште во Софија, Н.Е. Гилермо Салвадор Азрак за унапредување на соработката меѓу деловните заедници од двете земји, се реализира на 12.11.2012 година преку потпишување на Меморандум за соработка меѓу стопанските комори. Ваквата спогодба ќе ги интензивира контактите меѓу бизнис-секторот на двете стопанства, што недвосмислено ќе придонесе кон унапредување на економската соработка и интензивирање на трговските релации меѓу Македонија и Аргентина.

## 12.11.2012 година

### ЦЕФТА - Туристички форум во Дубровник, Република Хрватска - СОРАБОТКА ВРЗ ОСНОВА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ

Во рамките на ДИХК-ЦЕФТА-проектот, а на иницијатива на туристичкиот сектор, во Дубровник, Република Хрватска, се одржа Првиот ЦЕФТА-Туристички форум. Целта на Форумот беше да се поттикне расправа меѓу туристичките работници и претставниците на стопанските комори од земјите на ЦЕФТА-регионот за можностите за интензивирање на соработката и во секторот на услугите, односно во туристичкиот сектор користејќи ги меѓусебните искуства и советите на странските стручњаци. Клучни теми на Форумот беа одржлив развој, креативни партнерства, транснационални проекти и трендови кои имаат за цел да ја поттикнат соработката и во другите подрачја, не само во трговијата. Предавачи на ЦЕФТА-Туристичкиот форум беа претставници од Европската комисија, Мрежата на европските региони за одржлив и конкурентен туризам - NECSTOUR, Европскиот институт за културни рути во рамките на Советот на Европа, Институтот за туризам на Хрватска и Министерството за надворешни и европски прашања на Хрватска. Она што е важно за подобра перцепција на регионот во европските видувања е да се зголемат активностите и да се осигури видливоста низ создавањето заеднички проекти и во рамките на ЦЕФТА-регионот, беше еден од заклучоците.

## 19.11.2012 година

### Пет децении на Стопанската комора на Косово - ГОЛЕМ ПРИДОНЕС КОН ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА ЗЕМЈАТА




Стопанска комора на Косово го прослави 50-годишното постоење. Основана е 1962 година и веќе е создадена петдецениска историја и традиција.

- Сакаме да ги убедиме сите оние кои ја посетуваат нашата земја дека Косово е многу подобро од внатре отколку што изгледа од надвор, - истакна претседателот на Стопанската комора на Косово, Сафет Ѓерѓалиу на прославата, што се одржа во хотелот „Емералд“, неколку километри оддалечен од главниот град на Косово, Приштина (14.11.2012 година).

На одбележувањето на значајниот јубилеј присуствуваа бројни владини и претставници од бизнис-заедницата, како и гости од странство. Од првиот човек на Владата на Косово, Хашим Тачи, беше истакнато дека економијата е првиот вистински приоритет од страна на косовските институции.

На свечената церемонија се обратија истакнати странски претставници кои директно соработуваат со косовската Комора, меѓу кои беше и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. Во своето обраќање, поздравувајќи го јубилејот на Комората, тој ја истакна одличната соработка меѓу коморите на институционално и регионално ниво.

**19.11.2012 година**

**Македонско-руски бизнис-форум со компании од Тамбовската област - РУСКИТЕ РЕГИОНИ ОТВОРЕНИ ЗА ПОГОЛЕМ МАКЕДОНСКИ ИЗВОЗ**



Рускиот пазар претставува огромен потенцијал за македонскиот извоз, но таму конкуренцијата е неверојатна. За да се изборат за место на софистицираниот руски пазар, македонските производи треба да им конкурираат на доминантните светски играчи, пред се` со висок квалитет, но и со големи количини. Затоа стратегијата на Владата на Р. Македонија за фокусирање на соработката со одредени региони претставува правилен потег за постепен влез на македонските компании и нивно етаблирање на рускиот пазар. Ова го изјави Александар Лесин, економски советник во Амбасадата на Руската Федерација во Скопје. Притоа, на пример, беше потпишана и Спогодба за трговска и индустриска, научно-културна и образовна соработка помеѓу Република Македонија и Московската област. Двете страни оценија дека потпишаниот документ дава нов квалитет на односите, и ја засилува можноста за интензивирање и конкретизирање на соработката на овие полиња од заеднички интерес.

**26.11.2012 година**

**Промена на преференцијалните правила за потекло согласно Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло - РЕВИЗИЈАТА ЌЕ ТРАЕ ВО НАРЕДНИТЕ ДВЕ ГОДИНИ, ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ПРАВИЛА ОД СТАРТОТ НА 2015 ГОДИНА**




Стопанската комора на Македонија заедно со Министерството за економија и Царинската управа на РМ според предлогот на Советот на ЕУ, на 26.11.2012 година, во Стопанската комора на Македонија, со претставници од бизнис-заедницата, расправаа за промената на преференцијалните правила за потекло согласно Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло. Како што е познато, Советот на ЕУ предложи нивна ревизија, а средбата во Комората беше во правец на транспарентност на целиот процес и предлагање одредени решенија во правец на зголемување на конкурентноста на домашните производи.

## 6.12.2012 година

### Ново ниво на имплементација на ЦЕФТА-Договорот - СЛЕДУВА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИТЕ, ИНВЕСТИЦИИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ



Централно-европскиот договор за слободна трговија функционира одлично и покрај одредени политички проблеми. Во либерализацијата на економијата се забележува вистинско достигнување меѓу земјите-членки. Досега е постигната целосна либерализација во трговијата кај индустриските производи, а веќе се потпишани спогодби за натамошна либерализација на земјоделски производи.

ЦЕФТА 2006 е модерен мултилатерален договор којшто добива ново ниво на имплементација преку проширување во пософистицирана фаза на либерализација. Следен чекор е либерализацијата на услугите, усогласување на регулативата за инвестиции, интелектуална сопственост, во финансискиот сектор, создавање на добавувачки синџири и инфраструктурно поврзување.

- Мотив за потпишување на Договорот за ЦЕФТА е приближувањето кон Европската унија и привлекувањето инвестиции. Затоа, земјите-потписнички мора да ја продлабочат соработката на сите полиња, смета Рената Витез, извршен директор на ЦЕФТА - Секретаријатот, со седиште во Брисел на средба со новинарите во Стопанската комора на Македонија (6.12.2012 година).

## 10.12.2012 година

### Македонски и грчки стопанственици на заедничка средба со претставници на Царината и инспекциските гранични служби на двете држави на граничниот премин Богородица - Евзони - ПОБАРАНО ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ПРОТОКОТ НА СТОКИ



Македонски и грчки стопанственици на заедничка средба со претставници на Царината и инспекциските гранични служби на двете држави ги разгледуваа можностите за олеснување и забрзување на протокот на стоки (10.12.2012 година). Средбата беше организирана од Стопанската комора на Македонија во соработка со Канцеларијата за врски на Република Грција и поддршка на Царинската управа на Република Македонија.

Заедничкото царинење на македонско-грчките гранични премини, воведување трета смена на Солунското пристаниште и втора смена, односно работа до 20:00 часот на Царината и инспекциските служби на тоа пристаниште, се дел од мерките кои би го олесниле протокот на стоките.

Стопанствениците бараат од двете страни 24-часовно царинење. Сега царинење не се врши од 20:00 часот навечер до 6:00 часот наутро, што создава колони на цистерни со нафта и деривати често пати и од над 50 возила. Проценката е дека 10 до 15 илјади возила го преминуваат граничниот премин Богородица - Евзони месечно, што е еден од ограничувачките фактори во однос на можен забрзан проток на стоки.

## 13.12.2012 година

### Стопанската комора на Македонија во 2013 година, како приоритет во својата програма ќе работи на поддршката на компаниите во правец на нивниот настап на трети пазари - ЕДЕН ОД ТИЕ ПАЗАРИ Е АЗЕРБЕЈЏАН

Стопанската комора на Македонија во 2013 година, како приоритет во својата програма за работа ја има поддршката на компаниите во правец на нивниот настап на трети пазари, особено на блиско-источните и централно-азиските, меѓу кои и Азербејџан е во фокусот на интересот. За таа цел беше и посетата на Ајдин Алиев, директорот на Царинската управа на Азербејџан, во придружба Даливер Фарзалиев, директорот за меѓународна соработка и на Ванчо Каргов, директор на Царинската управа на Република Македонија, на Стопанската комора на Македонија. Тие беа примени од страна на Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и неговите соработници.

## 14.12.2012 година

### Форум „Земјите од Западен Балкан – регионална инвестициска дестинација" - САМОИНИЦИЈАТИВНИ И ВО ПАРТНЕРСТВА ДА СИ ОТВОРАМЕ НОВИ ДЕЛОВНИ МОЖНОСТИ




На иницијатива на Стопанската комора на Македонија, а со поддршка на Одборот за надворешна трговија и Унијата на трговско-индустриските комори и стоковни берзи на Турција, во Стопанската комора на Македонија беше одржан форум на тема: „Земјите од Западен Балкан – регионална инвестициона дестинација и заеднички настап на трети пазари" (14.12.2012 година). На Форумот присуствуваа ко-претседатели на турско-западно-балкански деловни совети, турски инвеститори во Република Македонија, Н.Е. Ѓурол Сокменсуер, амбасадор на Република Турција во Република Македонија и бројни членови на Управниот одбор и на Собранието на Стопанската комора на Македонија.

## 17.12.2012 година

### Повик од ЕУ за аплицирање за проекти од програмата ЦИП - Интелигентна енергија – Европа - ФОНД ОД 65 МИЛИОНИ ЕВРА

На 14.12.2012 година Европската унија го отвори јавниот конкурс за ЦИП ИНТЕЛИГЕНТНА ЕНЕРГИЈА – ЕВРОПА , со фонд од 65 милиони евра, а на кој можат да се пријават и македонските компании, до 8. мај 2013 година, до 17:00 часот.

Оваа програма е од особен придонес на ЕУ Стратегијата „ЕНЕРГИЈА 2020", а во оперативна смисла го покрива делувањето во следните области: енергетска ефикасност и рационално користење на енергетските ресурси (SAVE), новите и обновливите извори на енергија (ALTENER) и енергијата во транспортот (STEER), со што се поттикнува енергетската ефикасност и користењето на нови и обновливи извори на енергија во прометот.

Вкупниот износ што е на располагање во рамките на овој повик е 65 милиони евра (SAVE - 15,6 милиони евра, ALTENER - 12,6 милиони евра, STEER - 9,6 милиони евра и за интегрирани иницијативи - 27,2 милиони евра). Програмите можат да траат до 3 години, а во поединечните програми се осигурува кофинансирање во износ од 75% од вкупно прифатливите трошоци.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ




Во својата информативно-публицистичка дејност, Стопанската комора на Македонија во 2012 година го користеше својот портал (www.mchamber.mk), електронското неделно издание „БИЗНИС ИНФО“, редовниот дневен „Електронски информатор“, како и повременото дистрибурирање на соопштенија до средствата за јавно информирање по повод одредени настани, реагирања или пласирање на сопствени ставови, мислења, барања. Во 2012 година беа издадени и 40 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 20 страници. Неделникот обајавуваше во просек околу 60 текстови во едно издание - пошироки текстови, кометари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнение на она што е поставено на веб-порталот. Електронското издание на „Бизнис Инфо“ во просек по број го посетувале по околу 2.000 читатели. Пред одржувањето на годишното Собрание на Стопанската комора на Македонија, на средината на декември беше издадено печатено двојазично „Бизнис Инфо“, на македонски и на англиски јазик.




“БИЗНИС ИНФО – СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА“ е страницата којашто минатата година беше отворена на Фејсбук и на другите социјални мрежи.На овие страници беа поставувани текстови од Комората, македонската економија и од светскиот печат, кои имаат употребна вредност за претприемачите во земјава. Дневно во просек беа постирани по дваесетина текстови со што се направи обид за зголемување на информираноста кај бизнисмените - корисници на овие страници.

Минатата година беше покренато и ново комерцијално издание насловено „БИЗНИС ОГЛАСНИК“. Во него беа обединети комерцијални објави од три бизнис-мрежи кои се лоцирани во Стопанската комора на Македонија: сопствената „Понуда-побарувачка“, ЕЕН-мрежата и делот за меѓународни тендери од Франкофонијата, чија Фокална точка е Стопанската комора на Македонија. Минатата година беа издадени 21 број „БИЗНИС ОГЛАСНИК“ во кој, покрај употребливите информации од спомenатите мрежи, со современ дизајн беа пласирани комерцијалните настани што ги организираше Комората.

Во 2012 година беше извршено и редизајнирање, промена на уредувачкиот концепт и зголемување на страниците на веќе постојниот месечник „ИНФОРМАТОР". Во него се додадени нови рубрики, па покрај легислативата – домашна и од ЕУ, внесени се и содржини од областа на нови технологии, тендери, понуди... Од новиот редијзаниран „ИНФОРМАТОР" отпечатени се 4 броја.




Во текот на годината редовнно се објавувани и по две „ПРЕС КЛИПИНГ" изданија за информирање на управувачкиот апарат на Стопанската комора на Македонија и вработените со во просек по 12 текстови дневно - извадоци од македонските медиуми.

Во ажурирањето на веб-порталот на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава посебно се водеше сметка на брзината на пласирањето на вестите, соопштенијата и актуелностите, како и на секојдневното објавување на богати содржини од областа на делувањето на Стопанската комора на Македонија и воопшто од македонската економија. На порталот на Комората се објавени со фотографии буквално сите активности на облиците и телата на делување, вклучувајќи ги и регионалните комори. Посебно се водеше сметка, на сајтот да се најдат информации од покровителите и членките на Комората, како и да им се овозможи на деловните луѓе да имаат комплетно информирање за случувања во економијата. Во просек дневно на сајтот се поставуваа по десетина текста, а со тоа Комората го обезбедуваше дневното информирање на своите членки. Во текот на годината се вршеше и ажурирање на англискиот и албанскиот дел на веб порталот, во просек по 2 до 3 информации дневно одделно на секој од нив.




Во функција на поуспешно информирање и акцентирање на своите активности, а и реагирање по одредени случувања во македонската економија, во Стопанската комора на Македонија во текот на 2012 година редовно беа свикувани прес-конференции, секој понеделник во утврден термин. Вкупно беа одржани 38 брифинзи со новинарите, кои во просек ги следеа по 7 снимателски екипи од електронските медиуми и 15 новинари од другите медиумите.

Исто така, претставници од средствата за информирање од земјава беа поканувани и на сите други настани во организација на Комората. На тој начин, во текот на минатата година во Комората претстојувале новинарски екипи на над 85 настани.

# УСЛУГИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ

## ЕДУКАЦИЈА И ОБУКА

Центарот за едукација и развој на човечки ресурси и во изминатата година продолжи да ги следи потребите за едукација на своите членки. Имено, согласно Програмата за работа за 2012 година, Центарот понуди богати содржини наменети за различни сектори. Беа реализирани 65 настан, на кои учествуваа повеќе од 1.400 учесници.

Темите кои беа предмет на обуките беа од областа на правото, финансискиот менаџмент, човечките ресурси, безбедност и здравје при работа, европски програми и прописи и др.

Во изминатата година беа реализирани повеќе обуки наменети за конкретни економски сектори како што се: банкарскиот, градежниот, земјоделскиот, комуналниот, хемискиот, транспортниот, секторот за трговија за недвижности, здравствениот сектор и сл.

Центарот за едукација учествуваше во активностите на низа проекти и работни групи во рамките на Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за стручно образование и Центарот за образование на возрасни, Советот за стручно образование и Советот за образование на возрасните.

Како членови на Советодавната група на засегнати страни за Стратегијата за средно стручно образование - СОО, Центарот за едукација и развој на човечки ресурси активно се вклучи во изготвувањето на новата стратегија за средно стручно образование за периодот 2013-2020.

Исто така Центарот, беше дел од работната група за изготвување на анализа за потребите од дефицитарните занимања на пазарот и на Програмата за практикантсво кои се дел од Оперативната програма и мерки за вработување за 2012 година на Министерството за труд и социјална политика.

Центарот е вклучен во активностите на Националниот совет за претприемништво и конкурентност, во Комитетот за човечки ресурси и во Комитет за мониторинг во рамките на Твининг Проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука“.





## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- ✓ 1216 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- ✓ 9986 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- ✓ 365 АТА-карнети;
- ✓ 25 потврди за ексклузивитет;
- ✓ 2 потврди за единствен производител;
- ✓ 19 потврди за производител;
- ✓ 22 потврди за членство во Комората;
- ✓ 248 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- ✓ 7 мислења за исполнување на економските услови.

## ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2012 година:

***1) консултантски услуги за воведување на Ситеми за управување со квалитет, согласно ISO 9001:2008:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008, е завршен во 6 компании;

***2) консултантски услуги за воведување на Ситеми за управување со животната средина, согласно ISO 14001:2004:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со животна средина согласно ИСО 14001:2004, е завршен во 4 компании;

***3) консултантски услуги за воведување на Систем за анализа на ризици и критични контролни точки HACCP:***

- процесот на имплементација на Систем за анализа на ризици и критични контролни точки HACCP е завршен во една компанија;

***4) сертификации и ресертификации на Системи за управување со квалитетот,*** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со BSI (British Standards Institution) и Комората:

- извршена е сертификација и ресертификација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008 во име на BSI, во 10 компании;

***5 ) сертификации на Системи за управување со животна средина,*** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со BSI (British Standards Institution) и Комората:

- извршена е сертификација на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2004 во име на BSI, во една компанија;

-извршена е сертификација на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2004, во име на други сертификациони тела, во две компании;

***6) континуирани проверки на Системи за управување со квалитетот и безбедна храна,*** во фирми кои го одржуваат Системот за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008:

- извршена е  континуирана проверка на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008 во име на BSI,  во педесет компании;

***7) учествувано во меѓународни проекти:***

- PACE Project – Eurochambers – Асоцијација на европските комори (кој ги покрива регионите на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора и Србија), со цел утврдување на степенот на усогласеност на нашето стопанство со европските регулативи од областа на: животната средина, безбедност и здравје при работа, производство на хемикалии, производство на храна и техничка хармонизација (CE-ознака) – партиципирање на 13 фирми од Македонија;
- L. 84/2001, annualità 2003 BALCANI, Progetto "RI.QUA. - Adeguamento degli standard qualitativi dell'offerta turistica delle PMI in Albania, Macedonia e Montenegro"- HACCP  во ресторани и хотели;

***8) активно  учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитациа на РМ:***

- ТК 18   за оценка на сообразност при ИСРМ;
- ТК 9 за системи за квалитет при ИСРМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и
- ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

***9) учество на семинари/обуки од областа на стандардите  за менаџмент системи ISO 9001, ISO 14001,  HACCP,  HALAL;***

***10) активно учество во процесот на ресертификација на Системот за управување со квалитет, согласно ISO 9001Ч2008 од страна на BSI;***

***11) активно учество во  kontinuirano одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2008, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности.***

## ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Во текот на 2012 година, Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, продолжи со активностите за унапредување на нејзината работа и подобрување на нивото на пружање на поддршка во спроведувањето на арбитражните постапки, како и континуирано преземање дејствија за подобрување на квалитетот и брзината на спроведување на постапките.

Во 2012 година Постојаниот избран суд - Арбитража презеде и повеќе активности за промоција пред компаниите заради што поголемо користење и согледување на конкретните придобивки од арбитражниот начин на решавање спорови наспроти решавањето на споровите пред редовните судови - преку организација на повеќе промотивни настани за компаниите - членки на Стопанската комора на Македонија, вклучувајќи ги и презентациите на тема: „Арбитражата како поефикасен и побрз начин на решавање на споровите" одржани пред компаниите од регионалните комори во Скопје и во Охрид, на кои присутните имаа можност да се запознаат накратко со постапката и со можностите за решавање на споровите пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, како и со предностите на арбитражното судење во однос на судењето од страна на државните судови.

Во текот на 2012 година беше остварена и соработка со Адвокатската комора на Македонија, од која досега произлегоа две информативни средби, кои беа одржани пред адвокати од адвокатските заедници Скопје и Штип, на кои пред адвокатите беа презентирани можностите за решавање на споровите пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, како и предностите на арбитражното судење во однос на судењето од страна на државните судови. Во дискусиите на оваа тема, адвокатите беа посебно заинтересирани за прашањата поврзани со основите за можно поништување на арбитражните одлуки и правните последици од тоа, како и за прашањата поврзани со арбитрабилноста на споровите и практичните проблеми во праксата во врска со договарањето на т.н. „патолошки арбитражни клаузули" и постапката по приговорите за ненадлежност во таквите случаи и во случаите кога е предвидена

арбитража, а постапката била поведена пред суд. Имајќи го предвид големиот интерес на адвокатите за прашањата поврзани со договарањето надлежност на арбитражата и начинот на одвивање на арбитражната постапка, Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија ќе продолжи со промоции и советувања на оваа тема за адвокатите и во 2013 година.







Покрај тоа, во Стопанската комора на Македонија беше одржана и средба на тема: „Последните случувања во меѓународната трговска арбитража", на која збор земаа д-р Антониос Цавдаридис, партнер во Адвокатското друштво „Рокас“ и професор по меѓународно трговско право на Правниот факултет на Универзитетот „Демокритус“ и проф. д-р Арсен Јаневски, претседател на Постојаниот избран суд - Арбитража и професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. На средбата беа анализирани повеќе актуелни прашања од меѓународната трговска арбитража, вклучувајќи ги Арбитражните правила на UNCITRAL, новите правила на ICC International Court of Arbitration, и IBA Guidelines on taking evidence in international arbitration, како и развојот на арбитражата во Македонија.

Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија во 2012 година презеде и активности за интензивирање на соработката со арбитражните институции од регионот и пошироко, при што во организација на Германската арбитражна институција (DIS), во Бон, Германија, беа потпишани два договора за соработка меѓу арбитражните судови при коморите на Албанија, Косово, Босна и Херцеговина, Хрватска, Германија, Македонија, Црна Гора и арбитражните судови при коморите на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Германија, Македонија, Црна Гора и Србија.

## ЦЕНТАР ЗА ПОКРОВИТЕЛИ

### "ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА - КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС "

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува Проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени и глобалната криза во текот на 2012 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

Врз основа на планираната програма за 2012 година, успешно се воведе уште 1 тип на покровителство од повисоко ниво: БРИЛИЈАНТЕН Покровител, кое во себе вклучува специјално подготвени услуги по барање на покровителот приспособени според неговите деловни потреби, во однос на другите покровителства.

**Според планираната Програма за 2012 година:**

- ✓ зголемен е бројот на покровители;
- ✓ обновени се договорите со постојните покровители;
- ✓ активиран е Проектот „Меѓусебна соработка меѓу покровителите преку размена на стоки и услуги по посебни услови";
- ✓ зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- ✓ организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- ✓ реализирано е покровителство - Единствен златен партнер со 1 компанија;
- ✓ склучен е договор за БРИЛИЈАНТЕН покровител со 1 нова компанија;
- ✓ склучени се договори за ПРЕМИУМ покровителство со 4 нови компании;
- ✓ склучени се договори за СИЛВЕР покровителство со 5 нови компании;
- ✓ направена е поделба на покровителствата по типови со различни услуги и цени наведени во договорите;
- ✓ активирана е можноста за договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- ✓ организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- ✓ организирани се работни средби покровител со покровител на нивно барање;
- ✓ поврзување на компаниите-покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- ✓ дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;

- ✓ остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на координаторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- ✓ изготвени се рекламни сталажи за пропаганден материјал од покровителите;
- ✓ изготвени се стоечки/светлечки рекламни паноа/табли за БРИЛИЈАНТНИОТ покровител;
- ✓ изготвени се стоечки/светлечки рекламни паноа за ПРЕМИУМ-покровителите;
- ✓ целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- ✓ редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората на сталажи наменети за покровителите;
- ✓ поставени логоата на покровителите на рекламни табли на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат и на 5-ти кат, сала 4;
- ✓ објавени логоа и доставени им се бесплатни примероци до сите покровители од изданието „Информатор со прописи од значење за бизнисот" – 12 изданија;
- ✓ набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- ✓ објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во Бизнис Инфото – во 52 изданија;
- ✓ објавени логоа, огласи на фирми од покровителите во Бизнис Огласникот на Комората – во 22 изданија;
- ✓ редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 5-ти кат и во лифтот во Комората;
- ✓ реализирана традицијата за размена на новогодишни корпи со производи од покровителите – за покровителите;
- ✓ реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање;
- ✓ во текот на 2012 година уште 6 реномирани компании се приклучија во овој проект – Покровители на Стопанската комора на Македонија, и на крајот на годината вкупниот број на покровители на Стопанската комора на Македонија изнесува 29.

**Воедно, целосно се реализирани планираните финансиски и технички активности во работната програма за 2012 година на Центарот за покровители, со надминување на планот.**

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

## БРИЛИЈАНТЕН ПАРТНЕР

на Стопанската комора на Македонија за 2013 година

БРИЛИЈАНТ - Штип

Брилијант

Brilliant

## BRILLIANT PATRON MEMBER

of Economic Chamber of Macedonia for 2013

BRILLIANT - Stip

## ПРЕМИУМ ПОКРОВИТЕЛИ
на Стопанската комора на Македонија

- FENI INDUSTRIES
- VERO – Супер за цел град
- ALPHA BANK
- СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ – членка на NBG групацијата
- комерцијална банка ад скопје
- ЕЛЕМ – ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА
- GRANIT – BUILDING & CONSTRUCTION

## СИЛВЕР ПОКРОВИТЕЛИ
на Стопанската комора на Македонија

- Swisslion
- Cafe Pascalin
- Travel agency Orfej – Successfully Yours ... Since 1990
- ALLIANCEOne
- Kadino I.G. – kadino industry group
- SOCOTAB – Leaf tobacco

## СТАНДАР ПОКРОВИТЕЛИ
на Стопанската комора на Македонија

- EVN macedonia
- OKTA
- vitaminka
- Perpetuum Mobile Security
- ТИКВЕШ – ВИНАРСКА ВИЗБА
- АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
- EVROPA
- Филип Втори
- МАКПРОГРЕС
- eurolink
- TEHNOMETAL - VARDAR a.d.
- Duna
- РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС
- РАДЕ КОНЧАР - ТЕП
- HALKBANK